ГРАЃАНСКА ПЛАТФОРМА НА МАКЕДОНИЈА

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС И ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Скопје, декември 2007 г.

Издавач
Македонски центар за меѓународна соработка

За издавачот
Сашо Клековски
Извршен директор

Автори
Дејвид Мур
Катерина Хаџи-Мицева
Нилда Булаин
Емина Нурединоска

Проектен тим
Сунчица Саздовска, Глигор Михаиловски

Лектура
Даниел Медароски

Дизајн
Криеитив Хаус

Печати
Боро графика

Скопје, декември 2007 г.

Тираж:
1.000

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

342.22:347.121.21:340.13(4)
342.22:347.121.21:340.13 (497.7)

ДЕЈНОСТИ од јавен интерес / (автори Дејвид Мур . . . и др.). – Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка, 2007. – 45 стр. ; 14 см

Фусноти кон текстот. – Кратка биографија на авторите: стр. 44-45

ISBN 978-9989-102-62-2

1. Мур, Дејвид (автор)
а) Јавен интерес – Законодавство – Европа
б) Јавен интерес – Законодавство – Македонија
COBISS.MK-ID 71190026

Македонскиот центар за меѓународна соработка, Европскиот центар за непрофитно право и Меѓународниот центар за непрофитно право би сакале да ја искажат својата благодарност до Европската Унија, за финансиската поддршка на оваа публикација преку Европската агенција за реконструкција.

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка и на членките на Граѓанската платформа на Македонија, ниту на Европската агенција за реконструкција.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА НЕПРОФИТНО ПРАВО

МЕЃУНАРОДЕН ЦЕНТАР ЗА НЕПРОФИТНО ПРАВО

Copyright © 2007 на Европскиот центар за непрофитно право, на Меѓународниот центар за непрофитно право и на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Сите права се заштитени.

С О Д Р Ж И Н А

ПРЕДГОВОР 5
ЛИСТА НА КРАТЕНКИ 5
ИЗВРШНО РЕЗИМЕ 6

ДЕЛ 1. СПОРЕДБЕН ПРЕГЛЕД НА СТАТУСОТ НА
ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО ЕВРОПА 7
I. ВОВЕД 7
II. КОНТЕКСТ 8
III. РЕГУЛАТИВИ 10
1. РЕГУЛИРАЊЕ НА „СТАТУСОТ НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС“ 10
2. РЕГУЛИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ОД
ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО РАЗЛИЧНИТЕ ЗАКОНИ 12
IV. КРИТЕРИУМИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО СТАТУС НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС 12
1. ПОДОБНИ АКТИВНОСТИ/ЦЕЛИ 13
2. ПОДОБНИ ОРГАНИЗАЦИИ 15
3. ТЕСТ ЗА ОСНОВНА ЦЕЛ 16
4. УСЛОВИ ЗА УПРАВУВАЊЕ 17
5. ДРУГИ КРИТЕРИУМИ/УСЛОВИ 18
V. ТЕЛО ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ 19
VI. ПРОЦЕДУРИ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА/ РЕГИСТРАЦИЈА 25
VII. ПОВОЛНОСТИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС 28
VIII. ОБВРСКИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС 29
1. ПРАВИЛА ВО ОДНОС НА КОРИСТЕЊЕТО НА
СОПСТВЕНОСТА, ТРАНСФОРМАЦИЈАТА И ПРЕСТАНОКОТ СО РАБОТА 29
2. НАДГЛЕДУВАЊЕ И ОДГОВОРНОСТ 30
IX. ЗАКЛУЧОК 34

ДЕЛ 2.ПРЕГЛЕД НА СТАТУСОТ НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА 35
I. ВОВЕД 35
II. УПОТРЕБА НА ТЕРМИНОТ ЈАВЕН ИНТЕРЕС,
ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ И СЛ. ВО ЗАКОНИТЕ ВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 35
III. ЗАКОНИ ВО КОИ СЕ УРЕДЕНИ
ПОВОЛНОСТИТЕ И ЛЕСНУВАЊАТА ЗА АКТИВНОСТИ ОД
ЈАВЕН ИНТЕРЕС И ВИДОВИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ
ИМААТ ПРАВО НА ТАКВИ ПОВОЛНОСТИ 38
IV. УСОГЛАСЕНОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ЗА
СТАТУСОТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС И РЕАЛНАТА ПРИМЕНА НА ИСТИТЕ 38
V. ЗАКЛУЧОЦИ 39
VI. ПРЕПОРАКИ 39
ДЕЛ 3. КРАТКА БИОГРАФИЈА НА АВТОРИТЕ 40

ПРЕДГОВОР

Публикацијата „Јавниот интерес и граѓанските организации" претставува преглед на статусот на јавниот интерес во повеќе европски земји, како и преглед на домашното законодавство кое го регулира јавниот интерес.

Намерата на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) како издавач на оваа публикација е да го приближи концептот на јавен интерес и организации со статус од јавен интерес во Република Македонија врз основа на долгогодишните искуства и позитивните практики од повеќе земји од Европа. Наедно, публикацијата треба да послужи и како лобирачка алатка и основа за формулација на нови законски одредби за статусот од јавен интерес за здруженијата на граѓани и фондациите, што ќе значи создавање подобри можности за нивна одржливост.

Прегледот содржи два дела: „Споредбен преглед на статусот на јавен интерес во Европа" подготвен од експерти од Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) и од Меѓународниот центар за непрофитно право (ИЦНЛ), како и „Преглед на статусот на јавен интерес во Република Македонија" (преглед на пет домашни закони кои содржат одредби за јавен интерес).

МЦМС ја издаде оваа публикација како дел од програмата за работа на Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ) и наедно им се заблагодарувам на членките на ГПМ, кои активно учествуваа во обезбедувањето препораки и насоки за содржината на публикацијата.

Сашо Клековски
Извршен директор

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

ГО: Граѓански организации

ГПМ: Граѓанска платформа на Македонија

ОЈИ: Организации од јавен интерес

ЕЦНЛ: Европски центар за непрофитно право

ИЦНЛ: Меѓународен центар за непрофитно право

МЦМС: Македонски центар за меѓународна соработка

ЦИЕ: Централна и источна Европа

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Прегледот „Јавниот интерес и граѓанските организации“ доаѓа како резултат на потребата да се придонесе кон надградбата на правната рамка за граѓанските организации и создавањето подобри услови за нивното дејствување. Еден од начините и механизмите за подобрени услови за одржливост на граѓанските организации е и воведувањето на статус на организација од јавен интерес, концепт кој одамна е распространет и успешно се практикува во Европа.

Во речиси сите земји во Европа постои законска регулатива за вршење дејности од јавен интерес, без разлика на формата на регистрација на една организација. Главните цели за воведување на статус на јавен интерес се промоција на дејности од јавен интерес и осигурување дека поволностите овозможени за организациите од јавен интерес се поврзани со целите и активностите кои се од корист за јавноста и за општеството. Сепак, статусот на јавен интерес исто така може да се воведе со цел да се овозможат даночни поволности за организациите кои се вклучени во активности од корист за општеството или за поддршка на соработката помеѓу владите и граѓанските организации, или да се подобри имиџот и одговорноста на граѓанскиот сектор.

Споредбената анализа на европските искуства третира прашања кои треба да ни послужат како основа при нормирањето на статусот на јавен интерес во Република Македонија. Дел од тие прашања се следниве: Кои се регулаторните пристапи во Европа? Дали државата треба да го регулира статусот на јавен интерес во рамковен закон, даночните закони или да се донесе посебен закон за статусот на јавен интерес? Кои се критериумите за доделување на статус на јавен интерес? Кои се подобните тела кои може да аплицираат за стекнување со овој статус? До кој степен треба активностите на организациите да бидат од јавен интерес, со цел тие да го стекнат овој статус и која треба да биде нивната целна група? Кој го доделува статусот на јавен интерес? Која е процедурата за доделување на статус на јавен интерес? Кои се бенефициите и обврските за организациите од јавен интерес?

Од друга страна, прегледот на постоечкото домашно законодавство укажува на фактот дека јавниот интерес во Република Македонија не е дефиниран, односно не постои општоприфатена дефиниција. Различни закони го дефинираат јавниот интерес во областите за кои се наменети. Поволностите кои следуваат со јавниот интерес најчесто се однесуваат на директната финансиска поддршка од страна на државата. Јавниот интерес во сите анализирани закони се однесува на активноста/дејноста, но не и на организацијата/институцијата. Во Република Македонија сè уште не постои статус на организации од јавен интерес.

Имајќи ги предвид европските искуства и тековните законски норми, несомнено во најблиска иднина потребно е да се дефинираат минимум одредби кои ќе воведат статус на организација од јавен интерес, кои ќе ги усогласат дејностите од јавен интерес, кои ќе определат критериуми кои треба да ги исполнуваат организациите и кои ќе определат тело одговорно за доделувањето на овој статус.

ДЕЛ 1.
СПОРЕДБЕН ПРЕГЛЕД НА СТАТУСОТ НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО ЕВРОПА

I.ВОВЕД[1]

Законската рамка за граѓанските организации (ГО)[2] вообичаено дозволува основање на различни форми, со цел истите да ги застапуваат своите легитимни цели, вклучувајќи ги и целите за приватен и јавен интерес. Сепак, во повеќето земји државата не дозволува сите граѓански организации подеднакво да ги користат поволностите; државата вообичаено овие поволности ги овозможува за дел од овие организации, врз основа на нивните цели и активности. За возврат, таа бара организациите да демонстрираат понапреден степен на управување и одговорност. Преку овозможување на овие поволности, државата сака да промовира одредени активности, вообичаено поврзани со општото добро. ГО со ваков тип активности имаат многу различни имиња, вклучително и „добротворни организации“ (charities) и „организации од јавен интерес“. Згора на тоа, во некои земји законот не го дефинира ваквиот статус, иако одредени цели и активности, сеедно, се поврзани со државни поволности (даночни олеснувања, државна финансиска поддршка итн.). Во овој преглед, ние ќе го користиме терминот „јавен интерес“ кој се однесува на овој посебен статус – на ниво на држава, како и терминот „организации од јавен интерес“ (или ОЈИ) кој ќе се однесува на организациите чиј статус е регулиран со закон.

Практиката на разликување на ОЈИ од организации кои се основани за личен интерес, како и фасилитирањето на нивните активности е длабоко вкоренето во европското општество. Кодификацијата на системот на општо право (обичајно право) потекнува од далечната 1601 година и англискиот Статут за добротворни организации, чија намена била да ги наведе целите за добротворство, како и да се елиминираат можностите за злоупотреба. Со текот на годините, концептот на јавен интерес не опфаќал единствено борба против сиромаштијата, туку и грижа за болните, обука за практикантите, градење мостови, одржување патишта и други слични цели. Во историјата на граѓанското право, фондациите, кои биле посветени на цели поврзани со јавниот интерес, постоеле во Европа од 5 век п.н.е. Денес, повеќето земји со граѓанско право овозможуваат даночни ослободувања за фондациите и здруженијата, согласно дефинираните потреби на јавниот интерес.

Овој документ ќе се обиде да презентира преглед на европските практики за регулирање на организациите со статус на јавен интерес[3].

При анализата на статусот, ќе се фокусираме на (1) неговите карактеристики и причини за доделување (2) на регулаторните пристапи; (3) критериумите; (4) институциите кои донесуваат одлуки за статусот; (5) процедурите и условите за процесот на сертификација/регистрација; (6) државните поволности; и (7) обврските на ОЈИ, надгледувањето и одговорноста.

1 Првата верзија на Споредбениот преглед на статусот на јавен интерес во Европа е подготвена и публикувана во 2005 година од ЕЦНЛ, Националната фондација за развој на граѓанското општество, во соработка со Академијата за институционален развој, со поддршка од УСАИД/Хрватска. Првата верзија од истиот преглед е исто така публикувана од Меѓународниот центар за непрофитно право (ИЦНЛ) во 2005 г. во „Одбрани процедури од земјите во светот за доделување на статус на добротворни организации, јавен интерес и организации ослободени од даноци“, со поддршка од УСАИД, „Спасете ги децата“ и Институтот за урбана економија, Москва. Сегашната ревидирана и осовременета верзија на овој документ е подготвена од страна на ЕЦНЛ за потребите на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

2 Терминот ГО во овој документ ќе се однесува на здруженијата, фондациите и непрофитните претпријатија. Документот исто така ќе посочи на други тела, кои различните закони им овозможуваат да се стекнат со статус на организација од јавен интерес (ОЈИ).

3 Сите закони кои се наведени во овој документ може да се најдат во он-лајн библиотеката на ИЦНЛ: www.icnl.org

II. КОНТЕКСТ

Во повеќето континентални европски земји, именувањето на одредена организација како „организација од јавен интерес“ укажува на тоа дека организацијата има стекнато одреден „**статус**“. Таа не се регистрира како одделно правно лице. Статусот на јавен интерес се доделува откако организацијата ќе се регистрира како правно лице (вообичаено како здружение или фондација)[4]. Ако организацијата од јавен интерес престане да ги исполнува условите во врска со овој статус, истата ќе се соочи со одземање на статусот, како и поволностите кои се поврзани со него, иако сè уште може да продолжи со дејствување[5]. Статусот на јавен интерес вообичаено се смета за **доброволен**. Стекнувањето со статус на јавен интерес подразбира и стекнување со одредени поволности, но оваа можност во законот вообичаено не ги попречува правата на поединците да формираат организација за лични цели ниту ја попречува организацијата да функционира без таквиот статус, дури и во случај кога истата е формирана за цели од јавен интерес[6].

Пристапот кон јавниот интерес е различен во Велика Британија. Имено, во оваа земја сите организации со ексклузивни цели од јавен интерес се сметаат за „добротворни организации“[7] . Во Англија и во Велс добротворните организации со приходи од над 5.000 британски фунти мораат да се регистрираат во Комисијата за добротворни организации во Англија и во Велс (со одредени исклучоци).

Добротворните организации со приходи под 5.000 британски фунти самите решаваат дали ќе се регистрираат. Во Шкотска тие се регистрираат во Канцеларијата на регулаторот за добротворните организации во Шкотска. Од друга страна, добротворните организации во Северна Ирска не се регистрирани, ниту пак можат да го сторат тоа; за да се стекнат со статус на добротворни организации со цел да добијат одредени даночни олеснувања, мора да аплицираат во Управата за јавни приходи.

Главната цел за воведување на статусот на јавен интерес вообичаено е **промоција на дејности од јавен интерес**. Владите признаваат дека ОЈИ поефективно им служат на потребите на локалните заедници и општеството во целина. Преку адресирање на општествените потреби, тие ги дополнуваат или заменуваат обврските на државата или пак обезбедуваат услуги каде има помала понуда на истите. Често пати овие организации брзо ги идентификуваат и адресираат општествените потреби за разлика од власта и се во можност за испорака на услуги на поефикасен и понепосреден начин. Исто така, во процесот на обезбедување на нивните услуги, ОЈИ може да генерираат приватни средства, кои ги дополнуваат и заштедуваат државните средства, како и да мобилизираат поддршка од поширокаата заедница[8].

4 Во зависност од законската рамка, една организација може да аплицира за статус на јавен интерес при доставата на документите за регистрација како посебно правно лице, додека статусот може да се стекне по одобрување на нејзината регистрација. Исто така, една организација може да аплицира за овој статус во кој било период по нејзината регистрација, сè додека таа ги исполнува критериумите пропишани со законот.

5 Сепак, законите пропишуваат правила за трансформацијата и пренос и одземање на сопственоста со цел да се осигура дека јавните финансии со кои се стекнала организацијата од јавен интерес нема да се пренасочат за лични цели, откако организацијата ќе го загуби својот статус.

6 Во Северна Ирска се разгледува предлог-закон со кој ќе се дефинираат добротворните организации и ќе се воспостави комисија и трибунал за добротворните организации http://www.dsdni.gov.uk/index/voluntary_and_community/charities_advice.htm .

7 Добротворните организации може да бидат формални – со правен субјективитет (incorporated) или неформални – без правен субјективитет (unincorporated). Добротворните неформални организации не се признати како правни лица од страна на законот и како такви не можат да поседуваат земјиште или да прибираат инвестиции, да вработуваат или да потпишуваат договори во свое име. Наместо нив, овие обврски ги преземаат старателите, кои се лично одговорни за сите долгови на добротворната организација. Добротворните формални организации вклучуваат членски организации и фондови („фондови“ претставуваат договори со кои средствата или имотот се поседувани и раководени од страна на неколку физички и правни лица, за активности од јавен интерес). Добротворните формални организации се признати како правни лица и како такви може да поседуваат земја и да потпишуваат договори. Вообичаено, постои ограничена одговорност за старателите („директорите“) во случај на престанок со работа на организацијата. Добротворните формални организации вклучуваат и добротворни претпријатија и новоформирани добротворни формални организации (http://www.charitycommission.gov.uk/registration/charcio.asp).

Овој статус е прифатен низ поголем дел од Европа со цел да се:

- **Поттикне проток на приватни финансии до ГО** преку поттикнување приватни донации за ОЈИ – пр., донации од поединци и претпријатија (Унгарија), процентуалниот механизам (Полска);
- **Овозможи соработка помеѓу државата и ГО** во процесот на обезбедување социјални услуги. Во Полска ОЈИ се подобни да учествуваат на тендери за социјални услуги рамноправно со агенциите на владата. Унгарскиот Акт за ОЈИ воведе две нивоа на статус на јавен интерес: основен и специфичен. Организациите може да се стекнат со статусот на „организации со специфичен јавен интерес“ ако се избрани за преземање на обврските на централната или на локалната власт, вообичаено преку потпишување договор со државно тело;
- **Зајакнат односите на ГО со јавноста.** Со воведувањето на Законот за ОЈИ во Полска, се очекува создавање јадро на потранспарентни и поодговорни ГО кои ќе придонесат за подобрувањето на генерално лошиот имиџ на секторот и зголемување на довербата во граѓанските организации.

Преку воведувањето на статусот на јавен интерес, вообичаено владите сакаат **да се осигураат дека даночните олеснувања за ГО се во релација со целите и активностите кои се од интерес за јавноста и за општеството.** Според тоа, теоретски гледано, статусот се смета како прашање на фискална регулација. Вообичаено, државите го воведуваат овој статус како одговор на следното прашање: кој треба да биде подобен за државните поволности и според кои услови; како да се осигураме дека средствата од локалните приватни донатори се искористени за целите од јавен интерес. Според тоа, тие ги поврзуваат фискалните (даночните) поволности со активностите од јавен интерес или со организациите со статус на јавен интерес. На пример, во Хрватска даночните поволности се достапни единствено за донации за организации чии активности се наведени во даночните закони, додека во Унгарија даночните олеснувања за донаторите се во релација со организациите кои имаат статус на ОЈИ. Дополнително, даночните закони обезбедуваат ексклузивни поволности за таквите организации и активности, или обезбедуваат поголеми поволности во споредба со организациите кои немаат таков статус. Во Полска, ОЈИ се изземени од данокот за добивка (како и од данокот на имот, данокот за граѓански дејствија, данокот за правни документи и судски такси) за сите приходи кои се посветени за целите од јавен интерес наведени во законот[9] ; од друга страна, ОЈИ од Унгарија имаат право на повисок праг на изземање од данокот на приход за економски активности.

Во последните неколку години некои земји активностите од јавен интерес или статусот на јавен интерес ги поврзале со **други видови државна поддршка**, во форма на грантови, субвенции, надоместоци за одредени услуги, процентуални механизми. Според тоа, ако организацијата сака да аплицира и да добива државни грантови или да биде подобна за други видови поволности, истата може да биде обврзана да се стекне со овој статус (пр., само ОЈИ во Полска може да добијат финансирање преку законот за 1 %[10]). Дури и во случај кога државата не пропишува организациите да се стекнат со статус на јавен интерес, истите може ги вклучат овие критериуми во форма на закон или тендер на начин со кој критериумите ќе бидат во согласност со оние за уредувањето на јавниот интерес. На пример, унгарскиот закон за механизмот од 1 % не пропишува организациите да имаат добиено статус на јавен интерес; сепак, критериумите за таквиот статус се тесно поврзани со критериумите во законот за ОЈИ.

8 Поттикнувачка финансиска рамка за организации кои промовираат социјална економија“, од Катерина Хаџи-Мицева, 2007 © ЕЦНЛ и ОЕЦД

9 http://www.usig.org/countryinfo/poland.asp#exemption

10 Процентуалниот механизам му дозволува на секој даночен обврзник да означи определен процент од данокот за организациите кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон. Во моментот, следните земји имаат донесено такви закони: Унгарија (1 % за ГО и 1 % за верски заедници од поединци), Словачка (2 % од претпријатијата и поединците), Полска (1 % од поединци), Литванија (2 % од поединци) и Романија (2 % од поединци).

Статусот на јавен интерес исто така придонесува кон зајакнување на **одговорноста и подоброто управување на ОЈИ**. Во замена за поволностите обезбедени од страна на државата, ОЈИ вообичаено се подложни на построго надгледување со цел да се обезбеди дека истите ги користат нивните средства за јавното добро. Тие исто така мора ги почитуваат специфичните правила за управување и одговорност.

III.РЕГУЛАТИВИ

Статусот на јавен интерес може да им биде доделен на ГО преку јасно вклучување на одредби во легислативата (пр., основниот закон кој го уредува работењето на здруженијата и фондациите), во одделните закони за статусот на јавен интерес или во даночните закони. Во одредени земји, различни видови активности и критериуми во врска со јавниот интерес може да се најдат во повеќе закони.

1.Регулирање на „Статусот на јавен интерес“

Статусот на јавен интерес во рамковните закони

Рамковната легислатива за ГО конкретно го наведува статусот на јавен интерес во Босна, во Бугарија и во други земји. Овој пристап е најлогичен во случај кога постои само еден закон кој го уредува работењето, како на здруженијата, така и на фондациите, и статусот на јавен интерес се однесува на овие правни лица. Овие закони вообичаено адресираат широка лепеза на регулаторни прашања поврзани со статусот на јавен интерес, вклучително и дефиниција на статус на јавен интерес, критериуми за неговото стекнување, како и обврските кои ги налага истиот. Во овие ситуации важен е фактот што реформата на даночните закони кои ги одредуваат поволностите за ОЈИ се донесува паралелно со воведувањето на статусот. Во спротивно, ако таквиот статус не вклучува финансиски поволности, организациите може да не почувствуваат поттик да аплицираат за истиот. Во Бугарија, на пример, изминаа две години од донесувањето на концептот за јавен интерес (преку новиот закон за ГО), до обезбедувањето на поволности за ОЈИ (преку ревизија на даночниот закон).

Закони за статус на јавен интерес

Алтернативниот пристап претполага донесување посебни, одделни закони за „јавниот интерес“, со цел, на сеопфатен и конзистентен начин, да се регулира овој статус.
Овој пристап вообичаено е прифатен од земјите каде работата на здруженијата, фондациите и други организации, кои може да се стекнат со овој статус, е уредена со одделни закони. Според тоа, еден посебен закон за статус на ОЈИ (наспроти уредувањето на статусот во одделни закони) помага во обезбедувањето на неговата конзистентна примена во системот. Некои од примерите за тоа доаѓаат од Унгарија, од Полска и од Литванија. Унгарија ја донесе легислативата за јавен интерес во 1997[11] , Полска го донесе Законот за дејности од јавен интерес и волонтерство во 2003 и Литванија во 2004 година го донесе Законот за организации од јавен интерес. Како и во случаите кога статусот на ОЈИ е регулиран во рамковните закони, овие одделни закони ги регулираат сите прашања поврзани со статусот. Згора на тоа, одделните закони за ОЈИ исто така подетално ги пропишуваат поволностите со кои се стекнуваат ОЈИ.

11 Во Унгарија, организациите со исти цели и активности, но различни правни форми (пр. една организација е регистрирана како здружение, додека другата како фондација) имаат различен даночен третман. Една од главните причини за воведување на статусот на ОЈИ беше да се уреди ова прашање.

Дел 6, Акт за ОЈИ, Унгарија

Предности за организации од јавен интерес, поддржувачи на организации од јавен интерес и корисници на услуги од јавен интерес

а) Организацијата од јавен интерес има право на:

1. изземање од данок на добивка согласно наведената активност дефинирана во документот за нејзино основање;
2. олеснување од данокот на добивка согласно нејзината деловна активност;
3. поволности за локален данок;
4. поволности за надоместок;
5. поволности за царина;
6. други поволности дефинирани со закон.

б) Корисниците на услугите обезбедени од страна на организацијата од јавен интерес во форма на целни грантови имаат право на ослободување од персоналниот данок на доход во согласност со добиената услуга.

в) Поддржувачите на организацијата од јавен интерес имаат право на поволности во однос на данокот на добивка или данокот на персонален доход, во согласност со поддршката обезбедена со цел да се исполнат целите на организацијата од јавен интерес, дефинирани во документот за основање (понатаму во текстот: донација).
г) Во случај на долгорочна донација, поддржувачот, опишан во членот В има право на дополнителни олеснувања, почнувајќи од втората година на времетраење на поддршката.
(2) Во рамките на своите целни активности, организацијата од јавен интерес има право на вработување на лица кои извршуваат цивилна обврска.
(3) Една организација од јавен интерес нема право на овие олеснувања ако има јавни долгови, во согласност со Актот за оданочување.

Статусот на јавен интерес во даночните закони

Активностите кои се од јавен интерес и според тоа заслужуваат одредени поволности може да бидат регулирани со даночните закони, кои претставуваат функционален еквивалент на оперативните одредби во регулативата за јавниот интерес.
Во многу земји, како што е тоа случај со Естонија, Германија и Холандија, даночната легислатива ги набројува дејностите од јавен интерес и ги дефинира фискалните привилегии за ГО кои ги реализираат овие активности. Целта на овој пристап е едноставност во администрирањето. Бидејќи статусот на јавен интерес претставува прашање на фискална регулатива, природно е да се регулираат прашањата за јавниот интерес преку даночниот законик. Недостатокот на овој пристап се наоѓа во тоа што, во одредени легислативни системи, не е соодветно да се наметнуваат оперативни барања (како што се тоа барањата за внатрешно управување и известување) преку даночните закони. Исто така, законодавците можат на релативно едноставен начин (и со одредена слобода во обезбедување тајност) да модификуваат одредена одредба во комплексен даночен закон, додека истата таа модификација во посебен закон за јавен интерес може да биде повидлива и предмет на анализа од страна на јавноста.

2.Регулирање на дејностите од јавен интерес во различните закони

Во некои земји активностите кои се од јавен интерес и според тоа заслужуваат посебни поволности се регулирани преку одредби во различни закони (пр., даночните закони, владините закони за грантови, законите за хуманитарна поддршка, законот за донации). Сепак, во овие случаи регулативата не се однесува на „статус на јавен интерес"; всушност, таа адресира различни активности и различни организации кои се подобни за различни бенефиции.

Литванскиот Закон за добротворство и поддршка им дава право на телата наведени во законот да аплицираат за таканаречениот статус за „корисници на поддршка" во случај кога тие се вклучени во општествено корисни цели наведени во законот. Поволностите на овој статус се дека организациите можат да станат подобни за добивање поддршка од поединци и правни лица, како и користење на алокациите од 2 % механизам. Подобните организации вклучуваат непрофитни тела воспоставени од поединци или државата. Сепак, покрај условот кој наведува дека организациите мора да бидат вклучени во општествено корисни цели, не постојат други критериуми за стекнување на овој статус. Според тоа, во практика, речиси секоја организација со регистрирана правна форма, наведена во законот, може да се стекне со овој статус.

Регулацијата на дејностите од јавен интерес, кои имаат право на државни поволности, преку различни закони, може да доведе до неконзистентна примена на овој концепт. На пример, во Хрватска различни закони реферираат на дејности кои се од јавен интерес (пр., Законот за хуманитарна поддршка, Законот за данокот на добивка и Законот за персоналниот данок на доход). Листите единствено реферираат на ограничени категории на дејности од јавен интерес (пр., образование, хуманитарни активности) и не ги вклучуваат другите, подеднакво важни активности (пр., човекови права, детски права). Згора на тоа, поволностите обезбедени во даночните закони не ги вклучуваат сите активности признати за јавен интерес во другите неданочни закони. Исто така, различните закони воведуваат статус на јавен интерес за одредени видови организации (пр., хуманитарни организации, противпожарни бригади) кои наведуваат одредени критериуми и поволности на кои имаат право истите. Како резултат на оваа ситуација, Хрватите имаат донесено одлука за реформирање на системот со цел да се воведе кохерентна политика во однос на статусот на јавен интерес.[12]

IV.КРИТЕРИУМИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО СТАТУС НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Критериумите за стекнување со статус на јавен интерес се разликуваат во различни земји и истите се воведени со цел да ги отсликуваат целите на легислативата, потребите на општеството, како и локалните состојби и традиции. Вообичаено, следните критериуми се користат во процесот на доделување на статус на јавен интерес: соодветни активности за статус на јавен интерес, подобни организации, степен до кој ОЈИ мора да се организирани и раководени за јавниот интерес, целна група, финансиски услови и управување.

12 Ивановиќ Младен, Законска рамка за дејностите на организациите од јавен интерес во Република Хрватска – Состојба до 31 мај 2005 г., публикувано од ЕЦНЛ и од Националната фондација за развој на граѓанското општество (2005)

1.Подобни активности/цели

- *Видови цели кои се сметаат за корисни за јавниот интерес*

Вообичаено, во законите каде се регулираат дејностите од јавен интерес се наведени одредени специфични цели за кои се смета дека му служат на општото добро на заедницата. Според тоа, дејност од јавен интерес се дефинира како секоја законска активност која поддржува или промовира една или повеќе цели наведени во законот.

Листата наведена подолу ги содржи речиси сите дејности од јавен интерес признати во една или повеќе земји во Европа:

(а) атлетика (хоби);
(б) уметности;
(в) поддршка за или заштита на лицата со физички или ментален хендикеп;
(г) поддршка за бегалци;
(д) добротворство;
(ѓ) граѓански или човекови права;
(е) заштита на потрошувачите;
(ж) култура;
(з) демократија;
(ѕ) екологија или заштита на животната средина;
(и) образование, обука или просветлување;
(ј) искоренување дискриминаторски практики врз основа на раса, етничка припадност, религија или други законски пропишани форми на дискриминација;
(к) искоренување на сиромаштијата;
(л) здравје или физичка добросостојба;
(љ) заштита на историските споменици;
(м) хуманитарна поддршка;
(н) медицинска помош;
(њ) заштита на децата, младинците или маргинализираните поединци;
(о) заштита или грижа за повредените или загрозените видови животни;
(п) преземање обврски на товар на државата;
(р) религија;
(с) наука;
(т) општествена кохезија;
(ќ) социјален или економски развој;
(у) социјална грижа…

Важно е земјите да одберат цели од јавен интерес кои ги отсликуваат нивните потреби, вредности и традиции. На пример, во Холандија целите од јавен интерес развиени во фискалната легислатива вклучуваат цели кои се поврзани со христијанските вредности, базирани на филозофија на животот, добротворството, културата и јавното добро. Германскиот даночен закон вклучува јавна здравствена заштита, општа благосостојба, заштита на животната средина, образование, култура, аматерски спортови, наука, поддршка на лицата кои не може да се грижат за себе, црква и религија. Во Франција даночниот закон за јавниот интерес ги вклучува, помеѓу другите, активностите за поддршка на маргинализирани луѓе, научни или медицински истражувања, аматерски спортови, уметности и уметничко наследство, заштита на животната средина и одбрана на француската култура. Во Унгарија одделен закон за јавен интерес набројува 22 различни цели, вклучително и заштита на здравјето, научно истражување, образование и култура. И полскиот закон, слично на францускиот, вклучува 24 дејности од јавен интерес.

Дел 2, Закон за јавен интерес, Литванија
„Дејност од јавен интерес претставува активност која обезбедува значителна придобивка за општеството или за дел од него, посебно ако истата е насочена кон хуманитарни активности, заштита на граѓанските и човековите права, развој на граѓанското општество, образование, наука, култура и превенција на болестите и промоција на здравјето, поддршка за спортовите, поддршка за животната средина, обезбедување поддршка во случаи на катастрофи и инцидентни случаи и зајакнување на социјалната добробит на општеството, посебно за групите кои вклучуваат лица со ниски примања и социјално маргинализираните.“

- *Дали постојат ограничувања за тоа кои активности може да се спроведуваат?*

Во многу земји одредени активности или цели се исклучуваат од дефиницијата за јавен интерес. Ограничувањата вообичаено вклучуваат политички и законски активности, како што е тоа директното лобирање и кампања за политички партии. На пример, Унгарија забранува вклучување во директните политички активности и обезбедување финансиска поддршка за политичките партии. Некои земји ги исклучуваат целите поврзани со спортот и религијата, но некои тоа не го чинат.

Дел 2, Закон за јавен интерес, Литванија
„Следните активности не се дејности од јавен интерес:
1) активности, кои се насочени кон поддршка на политичките организации (партии) или нивна изборна кампања; и
2) активности со опсег насочен единствено за корист на членовите или основачите на здружението и фондацијата и лицата поврзани со нив, за задоволување на личните интереси и потреби, со исклучок на активностите со кои се промовира здружението или фондацијата, која е финансирана и вклучена со цел да се заштитат правата и интересите на социјално маргинализираните лица и групи, како и лицата и семејствата со ниски парични примања.“

- *Дали листата со дејности е исклучувачка?*

Речиси сите земји имаат инклузивна листа со категории на дејности, во која едноставно се вклучуваат и „други дејности“ за кои се смета дека му служат на општото добро. Ова претставува ефективен начин за осигурување дека наведените дејности нема да се толкуваат на начин кој ограничува и дека концептот за јавен интерес ќе остане флексибилен, следејќи ги промените во општеството. Дефинициите за јавен интерес каде недостасува една таква инклузивна листа може да го попречат вклучувањето на нови дејности од јавен интерес. Законот може едноставно да вклучи и одредба која ќе го наведува следното: „Сите други активности за кои се смета дека го поддржуваат или промовираат јавниот интерес“. Ваквите дефиниции не се невообичаени, дури и во случај кога законот наведува листа со специфични цели, како што е тоа случај со Литванија и со Бугарија. Полскиот закон содржи затворена листа на дејности. Сепак, нивниот парламент во неколку наврати го има дополнето законот со цел да се вклучат и други видови дејности.

Акт за добротворни организации, Велика Британија.
Како земја со обичајно право, Велика Британија се потпирала на случај со преседани со цел да се дефинираат „добротворните“ цели. Со текот на времето, судовите во Велика Британија ги

класифицирале добротворните цели под 4 големи категории: искоренување на сиромаштијата, промоција на образованието, промоција на религијата и други цели од корист за заедницата. Тие го имаат прифатено принципот на менување на дефиницијата на „добротворна цел“ со цел таа да ги отсликува социјалните услови. Признавајќи ја потребата од модернизација, британската влада во 2006 г. ја реформира легислативата. Во првиот дел (2) од новиот Акт за добротворни организации се наведува рамковна листа со главните добротворни цели:

(а) заштита од или поддршка против сиромаштија;

(б) образование;

(в) религија;

(г) здравје или заштита на животите;

(д) граѓанско оштество или развој на заедницата;

(ѓ) уметности, култура, наследство или наука;

(е) аматерски спорт;

(ж) човекови права, разрешување конфликти или помирување или промоција на религиозна или расна хармонија или еднаквост или диверзитет;

(з) заштита на животната средина или подобрување;

(ѕ) поддршка за оние кои имаат потреба поради возраста, младоста, лошото здравје, хендикеп, финансиски потешкотии или други проблеми;

(и) заштита на животните;

(ј) ефикасност на оружените сили на Круната, или ефикасност на полицијата, противпожарни и заштитни услуги, или лекарска помош; и

(к) други добротворни цели.[13]

2.Подобни организации

Вториот критериум во одредувањето на статусот на јавен интерес е видот на правното лице со кое треба да се стекне организацијата. Како што се наведува погоре, статусот на јавен интерес вообичаено се доделува за време или по регистрацијата на организацијата. Според тоа, организациите мора да бидат регистрирани (или признати) како правни лица пред да аплицираат за статус на јавен интерес.[14]

Статусот на јавен интерес вообичаено е достапен за здруженијата и фондацииите кои се основни форми на здружување во повеќето европски земји. Исто така, во зависност од земјата, овој статус може да им се додели и на други форми на организации.[15] Во Унгарија статус на јавен интерес им се доделува единствено на здруженија, фондации и непрофитни претпријатија. Во Литванија религиозните организации и религиозните институции може да се стекнат со овој статус. Сепак, за време на аплицирањето за овој статус, тие треба да достават писмо со препорака издадено од Министерството за правда или од Одборот за религиозни прашања. Во Полска[16] асоцијацијата на единиците на локалните самоуправи исто така може да се стекне со овој статус.[17]

13 Одредбата (4) од параграфот 2 понатаму дефинира дека:
„Целите во рамките на оваа одредба (види одредба (2) се:
(а) секоја цел која не е во рамките на параграфите од а до к, но се признава како добротворна цел според постоечкиот закон за добротворство или е уредена со делот 1 од Законот за рекреативни хуманитарни организации 1958 (ц.17); Акт за хуманитарни организации 2006 (ц.50);
(b) секоја цел која може да се смета како комплементарна, или во рамките на друга цел која е во рамките на кој било од овие параграфи или параграфот а погоре; и
(c) секоја цел за која може да се смета дека е комплементарна, или во рамките на која било цел која е призната според Законот за добротворни организации, во рамките на параграфот б погоре во овој параграф.“

14 Ова е важно поради тоа што во повеќето земји од Европа регистрацијата е доброволна и, според тоа, многу организации работат без да бидат регистрирани. Сепак, во континентална Европа, ако организацијата сака да се стекне со статус на организација од јавен интерес, таа мора најпрвин да се стекне со статус на правно лице

15 Вообичаено, земјите разликуваат 2 вида непрофитни организации: организации со општа цел, како што се тоа здруженијата, фондациите, непрофитните претпријатија; и, организации основани со специфична цел регулирани со посебен закон (синдикати, политички партии итн.) кои вообичаено се надвор од системот за јавен интерес.

16 Полскиот закон е интересен пример, бидејќи обезбедува дефиниција за невладините организации:
„Невладините организации се правни лица или лица без регулиран правен статус основани врз база на одредби од законите, вклучително фондации и здруженија, земајќи го предвид параграфот 4. Невладини организации не се тела на секторот на јавни финансии според разбирањето на легислативата за јавни финансии и оперираат за непрофитни цели“ (член 3, параграф 1).

Членот 3, параграф 3 од полскиот закон обезбедува листа на организации кои не можат да аплицираат за статус на ОЈИ:
1) Политички партии;
2) Синдикати и организации на работодавци;
3) Професионални самоуправи;
4) Фондации основани единствено од Државниот трезор и/или единицата на локалната самуправа, освен:
(а) ако одделни одредби не наведат поинаку;
(б) државата или телата на нејзините општини целосно не ги поседуваат имотите на фондацијата, или истата не се финансира со јавни ресурси согласно рамката на Законот за јавни финансии; или (в) фондацијата ги спроведува своите статутарни активности во областа на природните и општествените науки, посебно за потребите на природните или општествените науки;
5) Фондации основани од страна на политички партии;
6) Претпријатија кои дејствуваат согласно регулативите кои ги уредуваат спортските активности.“

3.Тест за основна цел

Другите критериуми кои се користат за донесување одлука дали една организација треба да се стекне со статус на јавен интерес се степенот до кој една организација мора да го уреди своето работење и раководење за јавниот интерес и нејзините корисници (целна група).
Во многу земји задолжително е организацијата да биде организирана и раководена првенствено за дејностите од јавен интерес, без разлика како се дефинирани истите. Една организација е „организирана“ првенствено за јавниот интерес кога целите и активностите кои се наведени во нејзините акти го ограничуваат нејзиното дејствување првенствено за дејности од јавен интерес. Една организација е „раководена“ првенствено за јавен интерес кога нејзините активности се првенствено од јавен интерес. „Првенствено“ може да значи повеќе од 50 % или целосно, во зависност од уредбите во секоја земја. Постојат различни начини на мерење на „првенственоста“ – на пример, преку мерење на дел од трошоците или целната група.
Во Холандија одлучувачкиот фактор е кругот на потенцијални корисници. Ако активностите се насочени кон опслужување на премногу ограничена група корисници – лица кои припаѓаат на едно семејство, на пример, организацијата не може да биде подобна за статус на јавен интерес. Ако организацијата ги услужува нејзините членови и истовремено се ангажира за дејности од јавен интерес, таа може да се квалификува за статусот на јавен интерес ако дејностите од јавен интерес сочинуваат најмалку 50 % од вкупните нејзини активности. Исто така, во Франција, со цел да се квалификува за ОЈИ, една организација мора првенствено да се ангажира во најмалку една дејност од јавен интерес и да обезбеди услуги за голема, недефинирана група на поединци во Франција.[18]

17 Според посебните услови наведени во законот, статус на ОЈИ може исто така да се стекне од страна на правни лица и организациски единици кои функционираат врз основа на регулативите кои ја уредуваат врската помеѓу државата и католичката црква во Полска, односот на државата и другите цркви, како и религиозните заедници, и гаранциите за слобода на вероисповест и расудување, под услов нивните статутарни цели да вклучуваат и дејности од јавен интерес.

18 Постојат две форми на статус на јавен интерес во Франција: (1) статус на општ интерес и (2) статус на јавни услуги. За да се квалификува една организација за статус на општ интерес, како што е наведено во текстот, истата мора да се вклучи првенствено во дејност од јавен интерес и да обезбеди услуги за соодветната група на корисници. За да се квалификува за статус на јавни услуги, организацијата мора дополнително да прифати уредување на статутот согласно статутите обезбедени од Conseil d’Etat (кои содржат одредби во однос на внатрешната структура, користењето на фондовите и дистрибуција на средствата по престанокот со работата) и задоволување на другите услови во врска со финансиската состојба и големината на организацијата.

Англија
Постојат 5 главни принципи кои покажуваат дали една организација обезбедува поволности за јавноста.
Тие се:
Погодноста:
1. Мора да постои идентификувана корист, но која може да има многу различни форми.
2. Погодноста се оценува согласно современите услови.

Јавноста: 3. Погодноста мора да биде наменета за поширокаta јавност, или за соодветен дел од јавноста.
4. Сите лични поволности мора да бидат ретки случаи.
5. Оние кои се во полоша состојба, не смеат да бидат исклучени од поволностите.[19]
Генерално гледано, една цел не е добротворна ако главно е наменета во корист на една личност или на неколку личности. Таа исто така нема да биде добротворна, ако луѓето кои имаат корист од неа имаат меѓусебни лични или договорни релации. На пример, ако корисниците се поврзани со личноста која ја основа добротворната организација, или ако се колеги или членови во недобротворно тело, на пример, членови на професионален институт.[20]

И во Германија постои услов според кој организација која има даночни бенефиции мора своите дејности од јавен интерес да ги реализира целосно, на директен и несебичен начин (без сопствен интерес). Исто така и во Полска, од организацијата од јавен интерес се бара ексклузивно ангажирање за дејностите од јавен интерес.

4. Услови за управување

Дел од земјите исто така пропишуваат посебна структура на управување во организациите кои сакаат да се стекнат со статус на јавен интерес. На пример, задолжителниот услов за двостепено управување има за цел да осигура дека организациите ќе имаат дополнително внатрешно надгледување на нивните активности и дека тие навистина спроведуваат активности и трошат јавни средства според нивниот статус и другите услови предвидени според легислативата за јавен интерес.
Бугарскиот закон го следи овој пристап преку пропишување одредба со која организациите од јавен интерес мора да имаат „заедничко највисоко тело и тело за управување“.
Овој услов е од важност главно за фондациите, поради тоа што тие може да имаат само едно тело и тоа може да биде составено од едно лице. Сепак, ако организациите сакаат да се стекнат со статус на јавен интерес, тие мора да имаат две тела и едното од нив да биде од колективен карактер.

Член 10 (1) Акт за ОЈИ, Унгарија:
„Ако годишниот приход на организацијата од јавен интерес надминува пет милиони унгарски форинти, задолжително е воспоставување тело за надгледување, одвоено од телото за управување, дури и во случај кога таквата обврска не е пропишана со други закони.“

19 За повеќе и поосовременети информации, ве молиме да ја посетите страницата: http://www.charitycommission.gov.uk/spr/pblp.asp

20 http://www.charitycommission.gov.uk/publications/cc21.asp#7.
Дополнително, според унгарскиот закон, сите корисници мора да ги добијат истите услуги и помош како и другите корисници, т.е. тој не забранува сличните корисници да добијат погодности, но бара еднаков третман со различните корисници.

Полскиот закон исто така одредува дека организацијата мора да има статутарна колегијална институција која ќе обезбеди набљудување, одделена и ненадгледувана од управата. Нејзините членови „не можат да бидат членови на управата, ниту роднини по крвна линија и сватовство или да бидат зависни по основ на работа; да не биле осудувани, со законска пресуда, виновни за намерен криминал; и, може да добиваат надоместок, согласно обврските во таквата институција, за релевантните трошоци, или плата која нема да го надминува прагот дефиниран во членот 8, точка 8 од Законот за плати за лица одговорни за одредени законски единици, 3 март, 2000 г."[21]

5. Други критериуми/услови

Како дополнување на клучните критериуми наведени погоре, некои закони пропишуваат и дополнителни критериуми кои мора да се исполнат ако една организација сака да се стекне со статус на јавен интерес или да биде вклучена во листата на организации подобни за даночни и други поволности. Тие дополнителни критериуми се следните: ограничувања за вршење економски активности, ограничување за вклучување во политички активности, управување со финансии и дистрибуција, надоместок за одборот и вработените итн.[22]

Дел 2, Акт за ОЈИ, Унгарија

§ 4. За да биде регистрирана како организација од јавен интерес, основачкиот документ на организацијата мора да вклучува:

а) опис на видот на дејноста од јавен интерес – дефинирана во овој акт, која е спроведувана од организацијата, и изјава дека организацијата, ако станува збор за членска организација, не ги исклучува од услугите од јавен интерес тие што не се членови;
б) изјава дека организацијата се вклучува во деловна активност единствено поради реализирање на нејзините цели од јавен интерес, без да бидат истите загрозени;
в) изјава дека организацијата не дели профит, туку вишокот на средства го троши за активноста дефинирана во нејзиниот основачки документ;
г) изјава дека организацијата не се вклучува во директна политичка активност, независна е од политичките партии и не обезбедува финансиска поддршка за нив.

(2) Како дополнување на условите наведени во параграфот 1, основачкиот документ на организацијата треба да биде во согласност со дополнителните услови дефинирани во овој акт (§ 7).

§ 5. Да биде регистрирана како доминантна организација од јавен интерес, основачкиот документ на организацијата треба да вклучува, покрај условите стипулирани во § 4, и изјава со која организацијата:

а) во текот на својата дејност од јавен интерес исполнува јавна должност која мора да биде обезбедена од државните органи или локалната власт во согласност со акт или со друг закон, во согласност со авторизацијата на актот; и
б) ќе ги презентира, преку локалните или националните медиуми, најважните информации во врска со нејзините активности, како што е дефинирано во основачкиот документ и од нејзината управа.

21 Член 20 од Законот за ОЈИ и волонтирање, Полска и волонтирањето

22 Во однос на управувањето на организацијата (види подолу)

Дел 11, Акт за данокот на доход, Ерменија
Непрофитна организација или фондација (понатаму во текстот: здружение) која ги исполнува следните критериуми ќе биде наведена во листата:
1) Здружението работи за јавниот интерес;
2) Тоа претставува добротворно здружение, односно здружение кое нуди добра или услуги главно без надоместок или на друг непрофитен начин, за целна група која е поддржувана од здружението согласно одредбите за нејзиното здружување, или обезбедува поддршка за лицата кои припаѓаат на целната група;
3) Здружението не ги дистрибуира своите средства или приходи, не дава материјална поддршка или финансиски поволности за своите основачи и членови, за членовите на управата или управното тело (§ 9), за лицата кои дале донација за здружението или за членовите на управата или управното тело, за лице или лица кои се поврзани со лицата на кои се реферира во клаузулата 8 (1);
4) При престанок на работата на здружението, средствата кои ќе останат по задоволувањата на побарувањата од кредиторите ќе бидат префрлени на здружението или правното тело наведено во листата;
5) Административните трошоци на здружението кореспон-дираат со карактерот на неговите активности и целите кои се поставени во одредбите на неговото здружување;
6) Надоместокот платен на вработените и членовите на управата или контролното тело на здружението не го надминува износот на надоместокот кој вообичаено се исплаќа за слична работа во деловниот сектор.[23]

Важно е да се нагласи дека, сепак, **секој дополнителен критериум треба да ги има предвид локалните состојби и целите кои законодавецот се стреми да ги постигне преку таквите барања.** Опширните критериуми може да ги одвратат организациите од аплицирање за ваквиот статус.
На пример, во Унгарија релативно лесно е за една граѓанска организација да ги исполни барањата за регулирање на статусот на јавен интерес. Затоа и околу половина од ГО се редовни ОЈИ.
Во Полска, поради посложените критериуми и обврски, само околу 10 % од ГО се регистрирани како ОЈИ. Во процесот на регулирање на ОЈИ, законодавците треба да размислат дали се стремат да го зголемат нивото на транспарентност и одговорност и пристапот до поволностите за *мнозинството од секторот* или *се стремат да создадат „елитна“ група на организации*, која, на пример, може да избере партнер од страна на владата за испорака на социјални услуги (како што се случува во Полска и во Унгарија преку воведување второстепен статус на „посебни“ ОЈИ).

V.ТЕЛО ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

Кој решава дали организациите се квалификувани за стекнување со статус на јавен интерес? Ова прашање има сериозни последици во однос на регулирањето на организациите од јавен интерес и за целиот непрофитен сектор. Телото за донесување одлуки има ингеренции да додели статус на јавен интерес; но тоа често пати има и моќ да го одземе статусот на јавен интерес; и, во некои земји ова тело е исто така одговорно за надгледување и поддршка на работата на организациите од јавен интерес. Преку доделувањето на статус на јавен интерес, донесувачот на одлуки ги поставува основите за посебен регулаторен третман – третман кој вклучува државни поволности (вообичаено даночни ослободувања) и построги правила за одговорност.

Не постои единствен точен одговоор на прашањето за тоа кој треба да одлучува за статусот на јавен интерес. Наместо тоа, различни земји имаат прифатено различни пристапи. Во

23 Естонскиот Акт за данокот на доход http://www.legaltext.ee/et/andmebaas/tekst.asp?loc=text&dok=X40007K11&keel=en&pg=1&ptyyp=RT&tyyp=X&query=tulumaksu

некои земји ингеренциите за оваа област ги имаат даночните институции (пр., Германија). Во другите земји судовите (пр., Унгарија) или владино тело, како што е тоа Министерството за правда, доделува статус на јавен интерес (пр., Бугарија). Другите земји овластиле независни комисии кои одлучуваат по прашањето (пр., Англија, Молдавија). Во некои земји државно тело го доделува статусот, врз основа на препораките од независната комисија (пр., Полска, Литванија). Во Естонија статусот е одобрен од страна на владата на државата, по доставувањето на препораката од страна на Комитетот на експерти. Секој од пристапите има свои различни предности и недостатоци.

- **Даночни институции**

Во многу земји одлуката за статус на јавен интерес се донесува од страна на даночни институции кои решаваат дали организациите имаат право на фискални привилегии врз основа на нивните цели и активности од јавен интерес. Земјите кои го имаат прифатено овој пристап, најмалку за неколку категории за дејности од јавен интерес, се Данска, Финска, Германија, Грција, Ирска, Холандија, Португалија и Шведска. Во Данска, на пример, даночните институции доделуваат статус на јавен интерес преку публикувана листа на квалификувани организации, на годишно ниво. Во Финска статусот се доделува за период од пет години од страна на Националниот даночен одбор. Во Германија локалните даночни авторитети се одговорни за доделување на статус на јавен интерес, како и за потврдување на исполнувањето на овие услови за задржување на статусот, на секои три години. Во Холандија не е задолжително официјалното признавање на организација со статус на јавен интерес, иако ГО може да го побара тоа. Таквата потврда им помага на организациите да ги избегнат евентуалните конфликти, што е посебно од важност кога станува збор за големи донации. Фискалните авторитети во Холандија имаат прифатено одредени критериуми за ваквите барања, кои бараат ГО да имаат соодветни стандарди за транспарентност и одговорност.
Предност во доделувањето на ингеренциите за решавање на статусот на јавен интерес во даночните институции е намалувањето на администрирањето, поради тоа што едно тело ги носи таквите одлуки. Степенот на експертиза кој го поседуваат тие во донесувањето на одлуката за статус на јавен интерес може да зависи од тоа дали постои посебно одделение во рамките на даночната институција кое како фокус во својата работа го има ова прашање. Даночните институции во одредени земји посебно ја бараат оваа ингеренција поради тоа што донесувањето на оваа одлука влијае на даночната основица. Сепак, потенцијален недостаток на овој пристап доаѓа од можниот конфликт на интереси помеѓу обврската да се максимизира даночната основица и одговорноста за доделување на статусот со кој се намалува даночната основица.

- **Едно министерство**

Во Бугарија Министерството за правда, конкретно, Централниот регистар во рамките на Министерството за правда, е одговорно за регулирање на статусот на јавен интерес (сертификација и надгледување). ГО, регистрирани во суд, кои спроведуваат активности од јавен интерес, мора да ги поднесат апликацијата и документите до Министерството. Ако регистрацијата е одбиена, апликантот може да поднесе жалба во рок од 14 дена до Врховниот административен суд.
Главната предност во овластувањето на едно министерство е поголемата можност за конзистентно донесување одлуки. Создавањето на посебно одделение во рамките на министерството (како што е тоа случај во Бугарија) може да придонесе кон развојот на специјализирана експертиза поврзана со прашањата од јавен интерес. Во исто време, едно министерство со многу обврски може да не успее да алоцира доволен број ресурси за ова прашање, во чиј случај помалку е веројатно да се развие соодветна експертиза. Можеби најголема опасност во овластувањето на едно министерство е опасноста од пристрасно, политички мотивирано донесување на одлуките. Во одредени земји, каде министерствата имаат ингеренции за донесување одлуки поврзани со прашања за

регистрација, често пати се среќава помал број на ГО кои решаваат да се регистрираат.[24]

- **Судови**

Со цел да се одбегне политизирано донесување одлуки, некои земји донеле одлука да им ги доделат ингеренциите за сертифицирање и признавање на организации од јавен интерес на **судовите**. Таков е примерот со Грција и со Унгарија. Во Франција „the Conseil d'Etat" – највисокиот административен суд, има ингеренции да одлучи дали здруженијата и фондациите се квалификувани за статус на „јавни услуги". Регистрацијата во суд може да обезбеди дополнителна предност во однос на пристапноста, во случај кога судовите низ земјата имаат ингеренции за тоа. Понатаму, судовите всушност може да го забрзаат процесот на признавање на јавниот статус, во земји каде ГО можат истовремено да аплицираат за регистрација за правно лице и признавање како тело на јавен интерес. Таков е случајот во Грција и во Унгарија. Од друга страна, поради оптовареноста на судовите, процесот на регистрација може да биде бавен. Исто така, судовите мора да земат предвид поголем број прашања, со што се отежнува процесот на стекнување експертиза за прашањата од јавен интерес. Децентрализираното донесување одлуки, сепак, помалку е веројатно да резултира со целосно конзистентни одлуки.

- **Независни комисии** [25]

Можеби најиновативниот пристап е создавањето независни комисии за донесување одлука за овој статус. На пример, Комисијата за добротворни организации за Англија и за Велс е независен регулатор за активностите на добротворните организации. Таа е дел од владата, но сепак е независна од политичкиот процес. Нејзините моќи потекнуваат од Актот за парламент и се реализираат под надгледување на комесарите, одговорни за политичкиот процес и за волонтерскиот сектор. Министерот за третиот сектор ги назначува Претседавачот и Членовите на Комисијата. Комисијата треба да известува за своето работење до Парламентот, на годишно ниво. Главната корист од пристапот на комисијата е нејзината независност од политичко влијание и квалитетот и конзистентноста во донесувањето одлуки, што е овозможено преку креирањето и одржувањето на таквата комисија и фактот дека таа претставува централизиран орган.
Следејќи го примерот со Комисијата за добротворни организации, молдавскиот Закон за здруженија создаде слично тело, познато како Комисија за сертифицирање. Комисијата за сертифицирање се состои од 9 лица, од кои три се назначени од страна на Претседателот, три од Парламентот и три од Владата. Најмалку еден сет на претставници мора да ја претставува организацијата од јавен интерес (и да не е државен службеник), владин службеник или член на парламентот. Целта беше со вклучување претставници од граѓанскиот сектор во Комисијата да се заштити истата од репресивни или дискриминаторски одлуки и да се зголеми довербата од јавноста. Сепак, развојот на соодветен механизам за одбирање претставници од граѓанското општество претставува

24 Многу малку земји овластиле истовремено неколку министерства за донесување одлуки за ова прашање. Романија е еден таков исклучок. И додека овој пристап се чини корисен во осигурување дека министерствата со соодветна експертиза ќе ги оценуваат дејностите од јавен интерес (пр., Министерството за здравство би ја разгледувала апликацијата на ГОа која е активна во активности поврзана со здравјето), многу повеќе очигледни се недостатоците на овој пристап. Опасноста од политичко донесување на одлуките останува: Земете како пример ГОа од областа на заштита на животната средина која сака да се вклучи во лобирање за животната средина, но мора да се пријави во Министерството за животна средина за сертифицирање/регистрација. Проблемот на неконзистентно донесување одлуки помеѓу министерства е акутен. Згора на тоа, неизбежно ќе се појават правни дупки, кога апликантот – ГОа, нема да знае кое министерство е компетентно за неговата апликација. Згора на тоа, во Романија законот го доделил формулирањето на критериумите на секое релевантно министерство и со тоа создал несигурност за тие министерства кои немаат издадено такви критериуми и овозможувајќи неконзистентност, поради тоа што критериумите може да варираат од министерство до министерство. Токму поради овие причини, тие сега го реформираат овој систем.

25 За повеќе детали за работата на независните комисии кои доделуваат статус на јавен интерес, ве молиме да ја погледнете публикацијата „Комисии за јавен интерес: Компаративен преглед – Ерменија, Англија/Велс, Молдавија", публикувана од ИЦНЛ, 2005 (http://icnl.org/knowledge/pubs/PBCommissions.pdf)

критичен предизвик (види подолу)[26].

Државни тела во соработка со независни комисии

Естонија, Полска и Литванија се примери на земји каде одлуката за доделување на статус на јавен интерес е донесена од Владата, од Судот или од министерство. Сепак, покрај овие институции, законите предвидуваат основање комисии за јавен интерес со консултативен, советодавен статус.

Во Литванија Министерството за финансии го доделува овој статус, врз основа на мислењето на Комисијата за јавен интерес. Комисијата е колегијална институција, со еднаков број на членови од владини претставници и претставници од здруженија и фондации. Комисијата го доставува мислењето до Министерството за финансии за тоа дали здруженијата, фондациите или религиозните организации ги исполнуваат условите за статус на јавен интерес, како и барањата за користење на сопственоста и финансиските средства утврдени со Законот. Кабинетот ги одобрува уредбите на Комисијата, составот на Комисијата и процедурите со кои претставниците од здруженијата и фондациите се номинираат и одбираат.

Во Полска ОЈИ се регистрирани во Регистарот на Централниот суд. Законот исто така го основа Советот за дејности од јавен интерес, кој нема улога во регистрацијата, но служи како советодавно и поддржувачко тело за Министерството за социјална безбедност (кое ги надгледува активностите на организациите). Советот е составен од 10 претставници од јавната администрација и од локалната влада, како и 10 претставници од граѓанскиот сектор. Членовите на Советот се назначуваат и ослободуваат од должноста од страна на министерот одговорен за прашањата од социјалната безбедност. Сепак, назначувањето на членовите на советот кои ги претставуваат ГО е ограничено на кандидатите претходно претселектирани од страна на ГО. Советот ги има следните одговорности:

- советодавни активности во однос на прашањата поврзани со примената на Законот;
- советодавни активности за законските акти на владата во однос на дејностите од јавен интерес и волонтирањето;
- обезбедување поддршка и изразување мислење во однос на конфликтите помеѓу институциите на јавната администрација и организациите од јавен интерес;
- собирање и анализа на информации за извршените инспекции и резултатите од истите;
- учество во процесот на контрола;
- советодавни услуги во областа на јавните задачи, назначување на граѓански организации и тела наведени во членот 3, параграф 3 за спроведување на таквите задачи и препорака на стандарди за извршување на јавните задачи;
- создавање, во соработка со ГО, механизми за информирање на ГО за стандардите за реализација на дејности од јавен интерес и за идентификуваните случаи за прекршување на овие стандарди.[27]

26 Во новиот литвански закон за организации од јавен интерес се разгледува прашањето за создавање комисија за јавен интерес. Сепак, во литванскиот контекст, комисијата има улога само на советодавно тело за Министерството за финансии, тело кое ја донесува одлуката. Литванската Комисија за јавен интерес се состои од авторизирани владини службеници и претставници од здруженија и фондации, во еднаков број. Процедурите за избор на претставници на здруженијата и фондациите во Комисијата не се дефинирани со закон, но се одредуваат од страна на Кабинетот.

27 Член 35 од овој закон.

Естонија, Акт за данокот на доход, дел 11 (9)
„Апликација за прием на листата треба да се поднесе до регионалната структурна единица на Одборот за даноци и царина, најдоцна до 1 февруари или 1 август. По добивањето на препораките од Експертскиот комитет, регионалната структурна единица на Одборот за даноци и царина ќе го информира здружението најдоцна до 15 март или 15 септември, соодветно за одлуката да се одбие прием на листата или да се избрише организацијата од листата. Врз основа на предлог од министерот за финансии, Владата на државата, со уредба, ќе ја вклучи организацијата во листата или ќе ја избрише организацијата од листата најдоцна до 1 јули или 1 јануари." [28]

28

Естонскиот Експертски комитет бил воспоставен во 2007 година и се состои од 9 претставници од невладини организации, главно од чадорски организации од различни области на дејствување. Тие се назначуваат од страна на министерот за финансии, по одржување консултации со ГО.

Предизвици во однос на моделот

Ако се земе предвид моделот за независна комисија како единствен регулатор или во партнерство со државно тело, треба да се размисли за неколку прашања пред да се донесе одлука за пристапот.
Вообичаено, постои значителна разлика во пристапот на релации помеѓу владата и граѓанскиот сектор во Англија и во Велс со тој во Централна и во Источна Европа (ЦИЕ). „Добротворните организации" во Англија и во Велс имаат долга историја на постоење и истите се длабоко вкоренети и силно поддржани од општеството. Нивната улога е развиена до тој степен што соработката со владата и ГО е вообичаено конструктивна. Односот се основа на заеднички признати силни страни, степен на доверба и официјално регистрирано партнерство[29] . Ваквата средина ѝ овозможува на Комисијата за добротворни организации да дејствува во исто време како регулаторно/контролно тело и како овозможувач/поддржувач на секторот: „*Нашата цел е да обезбедиме најдобра регулација на добротворните организации во Англија и во Велс, со цел да ја зголемиме ефикасноста и ефективноста на добротворните организации и јавната доверба во нив.*" [30]
Во повеќето земји од ЦИЕ (и посебно во земјите од југосточна Европа) владите и ГО сè уште се борат да ги дефинираат своите односи. ГО немаат „резервирано место на масата" кога се разговара за прашања поврзани со јавните политики или кога се донесуваат закони. Постои недостаток на доверба за нивната улога и имиџот на ГО во општеството е на ниско ниво. Нивниот низок капацитет за исполнување на улогата на партнери претставува исто така и предизвик. Од друга страна, јавната администрација сè уште ја нема дефинирано улогата што може да ја има, покрај регулацијата на ГО. Често пати постои и недостаток на визија и доверба за тоа како владата може да го поддржи развојот на овој сектор и според тоа да го зајакне овој придонес кон општеството.
Второ, во однос на составот на комисијата, земјите од ЦИЕ често пати го поставуваат прашањето за учество на експерти од граѓанското општество. Таквото учество е од корист со цел да се зголеми капацитетот на комисијата во оценката на сегашните потреби и тенденции во општеството во спроведувањето на статусот на јавен интерес. Речиси сите комесари во Комисијата за добротворни организации на Англија и на Велс биле активни во волонтерскиот сектор. Сепак, за разлика од Англија и од Велс, учеството на

28 Естонија, Закон за данокот од доход
http://www.legaltext.ee/et/andmebaas/tekst.asp?loc=text&dok=X40007K11&keel=en&pg=1&ptyyp=RT&tyyp=X&query=tulumaksu

29 Овој пристап бил формално уреден во 1998 година со започнувањето на „Договорот на односите на Владата со волонтерскиот сектор и заедницата во Англија". Договорот вклучува кодекси на добри практики – за малцинските етнички групи, за групите во заедницата, оценка на консултации и политики, финансирање и набавки и волонтирање. http://www.thecompact.org.uk/

30 http://www.charitycommission.gov.uk/spr/regstance.asp

таквите експерти останува предизвик за земјите од ЦИЕ, главно поради потешкотиите во одредувањето на таквите експерти и регулирањето на потенцијалните конфликти на интерес кои може да се појават.
Во Англија и во Велс демократската култура, како и доброразвиените и спроведувани регулативи и нискиот праг на толеранција за корупција во јавниот живот придонеле за создавање атмосфера во која потенцијалните конфликти на интерес добро се управувани. Ова е во спротивност со поголем дел од практиките кои може да се најдат во земјите од ЦИЕ, каде на одбегнувањето на конфликтот на интереси се гледа како на неопходен товар, наместо природен начин на деловна практика.
Според тоа, иако моделот на комисија за добротворни организации на Англија и на Велс може да звучи атрактивно за земјите од ЦИЕ, голем дел од нејзиниот успех се должи на специфичните историски и културни контексти на организациите од јавен интерес во таа земја. Земјите од ЦИЕ треба да ги земат предвид факторите наведени погоре (нивото на развој на јавната администрација и на секторот, културата на партнерства, односот на владата со ГО, позицијата на секторот во општеството, имиџот на секторот итн.), пред да одлучи дали да го следи овој пристап како најдобар регулаторен модел за одредениот локален контекст.

„Принципи“

Како и другите јавни тела, така и Комисијата ги има уредено прашањата за потенцијални конфликти на интерес, со цел истите да бидат идентификувани и управувани.
Комесарите, при нивното ангажирање, вообичаено треба да ја напуштат претходната позиција која ја имале во добротворната организација. Сепак, нормално е тие да ги задржат постоечките односи на старателство и тие чиј приход вклучува професионална соработка со добротворните организации, под услов соработката да е транспарентна и да не е во спротивност со регулаторната улога на Комисијата.
Во случај кога се вклучени јасни потенцијали за материјален конфликт на интереси во неговата/нејзината улога на комесар или член на Одборот, тој или таа треба да ги наведе во регистарот и, каде е тоа можно, да се повлече од разговорите за таа точка од Комисијата.” [31]

На крајот, моделот на независни комисии ќе има подобри можности за успех ако се зачува независноста од владино влијание и ако владите сериозно се заинтересирани да обезбедат соодветно нивно функционирање и интегрирање во системот. Всушност, еден од најголемите предизвици со кои се соочуваат независните комисии во ЦИЕ Европа е недостатокот од соработка со другите тела или недостатокот од доволна почит за нивните мислења и влезни резултати. На пример, во Естонија предизвикот е нерецептивноста на Одборот за даноци и царина и Министерството за финансии во однос на сугестиите на комитетот поради тоа што овие препораки не се обврзувачки за нив.[32]
Друг предизвик е недостаток на сериозна посветеност на комесарите да присуствуваат на сесиите (посебно ако нивната работа е без надоместок). Креирањето јасни правила и алоцирање доволни ресурси може да осигура потечна и целосна функција на комисијата[33] , но не може да гарантира успешна и лесна работа.

Молдавија
„… Независното функционирање на Комисијата за сертифицирање е попречено од неколку проблеми. Владините агенции демонстрирале незаинтересираност и недостаток на разбирање за улогата на Комисијата. Претседателот, Парламентот и Владата, како тела кои се одговорни за номинирањето, избрале претставници на Комисијата со недостаток на размислување и визионерство.

31 Комисија за добротоворни организации: Регистрирање и декларирање на интереси http://www.charitycommission.gov.uk/tcc/decint.asp

32 „Законски и институционални механизми за соработка на ГО со владата во Хрватска, во Естонија и во Унгарија“, од Катерина Хаџи-Мицева - ЕЦНЛ и Институтот за јавни работи (ИПА), Полска. Овој документ е презентиран од страна на г-ца Хаџи-Мицева на конференцијата од 25 до 26 октомври во Варшава, под насловот на проектот: КОМПАС 2

До денешен ден, Комисијата сè уште нема подготвено процедурални регулативи, ниту пак одржува интернет-страница. Дури и регистарот со организации од јавен интерес сè уште не е практично достапен за јавноста. Можеби и најважната работа е таа што законодавците не ја смениле законската рамка која треба да обезбеди доволно привилегии и поттикнувања за организациите од јавен интерес. Во суштина, статусот на јавен интерес претставува прашање на фискална регулација. Без соодветени државни поволности, статусот на јавен интерес останува само празен концепт."[34]

- **Уредба на владата.**

Како сосема спротивен пример на пристапот на комисија, неколку земји доделуваат статус на јавен интерес со уредба на владата. На пример, во Белгија организациите кои се вклучени во културни активности добиваат статус на организации од јавен интерес со кралска уредба. Во Луксембург статус на јавен интерес се доделува со уредба за Гранд-Дукал (Grand-Ducal) по доставувањето на апликацијата до Министерството за правда. Овие практики ги отсликуваат одредените историски, културни и законски контексти и не претставуваат задолжително модели за реплицирање.

VI. ПРОЦЕДУРИ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА/ РЕГИСТРАЦИЈА

Без разлика на телото кое ќе биде делегирано од страна на државата за доделување на статус на јавен интерес, процесот на сертификација и регистрација треба да биде јасен, брз и отворен и треба да бидат пропишани јасни правила за одбивање на доделувањето на статус на јавен интерес.

Се разбира, специфичните процедури се разликуваат од случај до случај, во зависност од регулативите во една земја. Сепак, генерално гледано, ГО кои аплицираат за статус на јавен интерес мора да поднесат документи каде се наведени: (1) подобните дејности од јавен интерес; (2) усогласеност со критериумите за внатрешно управување, вклучително и заштита од конфликт на интереси и самоназначување; и, (3) согласност со критериумите за дејноста (степен на дејноста од јавен интерес) и ограничувања на дејноста (за профит, политички цели итн.).

Детални процедури за регистрација на јавен интерес се содржани во одделните легислативи за јавен интерес, како што е тоа случајот со Унгарија и со Полска. Целта на овие критериуми е да осигура дека организацијата се фокусира главно на дејностите од јавен интерес, дека истата не се вклучува во други активности кои влијаат негативно врз нејзината мисија од јавен интерес и дека одржува соодветни стандарди за транспарентност.

33 Членот 39 од полскиот закон вели дека:
1. Трошоците на Советот кои потекнуваат од услуги, истражување и подготовка на експертски студии, како и учество на сесии од страна на експерти и поединци кои не се членови на Советот, делумно се покриваат од буџетот кој го има на располагање министерот одговорен за социјалната безбедност.
2. Учеството во работите на Советот се надоместува со дневници и надоместок за патни трошоци, како што е дефинирано согласно членот 77 (5), точка 2 од Кодексот за работни односи.
3. Работодавецот ќе одобри отсуство на вработениот кој е член на Советот со цел да му/ѝ се дозволи учество на сесиите на Советот. За време на отсуството, работникот има право на надоместок во износ еднаков на еден ден годишен одмор. Ова е покриено од буџетот кој го има на располагање министерот одговорен за социјалната безбедност.

34 „Комисии за јавен интерес: Компаративен преглед - Ерменија, Англија/Велс, Молдавија", публикувана од ИЦНЛ, 2005 (http://icnl.org/knowledge/pubs/PBCommissions.pdf)

Во делот 4, од Актот за јавен интерес во Унгарија, се наведуваат специфичните одредби кои мора да бидат наведени во документите на основање на организацијата, вклучително и следното:

(1) листа на дејностите од јавен интерес;

(2) клаузула која наведува дека организацијата своите претприемнички дејности ги спроведува единствено во корист на дејностите од јавен интерес;

(3) клаузула каде се наведува дека организацијата не го дистрибуира профитот од деловните активности, туку истиот го вложува за спроведување на статутарните активности;

(4) клаузула каде се наведува дека организацијата не е вклучена во директни политички активности и не обезбедува финансиска поддршка за политичките партии; и

(5) клаузули поврзани со внатрешното управување, конфликтот на интереси и критериумите за известување.

Постои процедурална заштита за апликантите. Во неа се вклучени временски ограничувања за донесувањето на одлуката за регистрација, критериум за доставување на причините за одбивање на регистрацијата, во пишана форма од страна на телото за донесување одлуки. Исто така, во неа е вклучено и правото на жалба за негативниот одговор до независен арбитар. Унгарските судови мора да донесат одлука по апликациите за јавен интерес во рок од 30 дена, или 45 дена, ако е потребно да се достави дополнителна информација. Одлуката за нерегистрирање може да се обжали до повисоките судски инстанци во рок од 15 дена. Полските судови мора да донесат одлука по апликациите во рок од 3 месеци, но во практиката времетраењето на донесување одлука вообичаено изнесува 6 недели. Бугарија наметнува дури и построги ограничувања за дејствувањето на владата. Министерството за правда мора „веднаш“ да донесе одлука по однос на апликациите за статус на јавен интерес. Ако во рок од 14 дена не се донесе одлука за регистрирање, се смета дека барањето на организацијата за регистрација е одбиено. Во случај на одбивање на барањето, апликантот може да ја обжали одлуката до Врховниот административен суд во рок од 14 дена. Актот за добротворство од 2006 година го воведе Трибуналот за добротворни организации, тело за жалби, кое постапува по жалбите и ги анализира одлуките на Комисијата, како и упатите од Комисијата или до јавниот обвинител во однос на апликацијата или дејствувањето на законот за добротворство. Целта на воспоставувањето на овој трибунал е да се осигура дека ќе биде полесно и поевтино за добротворните организации да ги обжалат одлуките на Комисијата.[35] Законите исто така треба да вклучат и основа за одбивање на статус на јавен интерес за организацијата.

35 http://www.charitycommission.gov.uk/spr/briefing.asp

Дел 8, Закон за ОЈИ, Литванија

(1) Министерството за финансии ќе донесе одлука, врз основа на мислењето на Комисијата, да го одбие барањето за стекнување со статус на организација од јавен интерес, ако:
(а) наведените цели во членовите на документот за здружување, актите или статутот на здружението или фондацијата или активностите на здружението, фондацијата или верската заедница не се во согласност со дејностите од јавен интерес;
(б) територијалната канцеларија на Управата за јавни приходи, Канцеларијата на Обвинителот, друга институција или суд донесат одлука за значителни нарушувања на легислативата од страна на активностите на здружението, фондацијата или верската заедница;
(в) здружението, фондацијата или верската заедница имаат даночен долг; или
(г) здружението, фондацијата или верската заедница ги немаат поднесено сите информации и документи наведени во делот 7, параграф 2 и 4 од овој закон.
(2) Апликантот има право на жалба пред суд, по одбивањето на доделувањето на статус на јавен интерес, според процедурите наведени во Законот за административна постапка.

Со цел да ги намалат административните одолжувања, земјите кои доделуваат статус на јавен интерес често пати ѝ дозволуваат на организацијата да се регистрира истовремено како ГОа (здружение или фондација или друга организациска форма) и како организација од јавен интерес. Таков е примерот со Грција и Унгарија, како и Косово. Бугарија тука претставува исклучок. Имено, во Бугарија судовите се задолжени за регистрација на ГО, додека Министерството за правда ги процесира апликациите за статус на јавен интерес.
Некои земји исто така го регулираат прашањето за регистрација на организацијата откако таа ќе се стекне со статусот на организација од јавен интерес или откако ќе го загуби истиот. На пример, во Бугарија една организација може повторно да аплицира за ОЈИ една година откако го има загубено овој статус. Ова право може да се искористи само еднаш. Литванскиот закон го содржи истото правило.
Последното прашање кое треба да биде разгледано во процесот на регистрација е дали статусот на ОЈИ е доделен по формална проверка на документите на организацијата и нивното почитување на законските барања или по содржинска проверка на спроведените активности на организацијата. На пример, во Унгарија процесот на доделување на овој статус е сличен со регистрација на здружение или фондација. Процедурата е формална и бара едноставно поднесување на документите пропишани со законот, до судот. Не е оставен голем простор за процена врз основа на постигнувањата. Од друга страна, во Англија и во Велс главната цел на регистрацијата е да се осигура дека добротворната организација е основана од строго добротворни цели и дека сите нејзини активности во пракса ќе бидат од добротворна природа. Според тоа, Комисијата извршува детален преглед на предложените активности наведени во доставените документи за основање. Ако таа смета дека активностите не се од добротворна природа, најпрвин ќе обезбеди совет за потребните измени и ако добротворната организација не се согласи со нив, Комисијата ќе го одбие нивното барање за регистрација. Според тоа, Комисијата препорачува користење на определен модел на документите за основање и ги анализира доставените документи и донесува препорака за најдобри практики. Сепак, лошо подготвен документ не претставува причина за одбивање регистрација.
Признавањето на организациите од јавен интерес е во интерес на државата. Критериумите за регистрација кои го одлагаат тоа признавање или наметнуваат непотребни услови само ќе влијаат на работата на организациите од јавен интерес. Законската рамка, без разлика дали е наведена во закон или придружни регулативи, мора да пропише јасни процедурални критериуми кои ќе овозможат регистрација, додека во исто време ќе наметне соодветни стандарди за одговорност и транспарентност.

VII.ПОВОЛНОСТИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Признавањето на јавниот интерес нема да има вистинско значење ако не постојат државни поволности обезбедени за поддршка на работата и одржливоста на ОЈИ. Вообичаено, државните поволности може да имаат форма на даночни ослободувања на приходите на организацијата, даночни поттикнувања за донаторите на организацијата и ослободувања од ДДВ. ОЈИ може исто така да добијат државни субвенции или грантови, како и предности во потпишување одредени договори со владата.
Најчесто, државата ги овозможува даночните поволности за ОЈИ. Даночните олеснувања може да имаат различни форми и вообичаено се достапни само ако приходите се користат за поддршка на цели од јавен интерес. Следните категории на приходи може да се изземат од оданочување:

- **Приходи од грантови, донации и членарина;**
- **Приходи од економски активности;**
- **Приходи од инвестиции;**
- **Недвижнини;**
- **Подароци и наследство.**

Исто така, многу земји овозможуваат изземање или повластени стапки на данокот на додадена вредност (ДДВ) за ОЈИ или за организациите кои се вклучени во трансакции на одредени добра и услуги во врска со јавниот интерес.

Од примарно значење за поттикнувањето на приватната филантропија во поддршката на дејностите од јавен интерес се даночните поттикнувања за поединците и претпријатијата кои им донираат на ОЈИ. Таквите даночни олеснувања може да се во форма на даночни кредити, или, повообичаено, преку намалување на даночната основица. Речиси секогаш, донаторските поволности се во врска со статусот од јавен интерес на примателот или за наведените дејности од јавен интерес во кои е вклучен примателот. На пример, Унгарија, Франција и Германија дозволуваат единствено организациите од јавен интерес да добиваат донации кои се делумно ослободени од данок.[36]

Државата исто така може да обезбеди други форми на поддршка за организациите од јавен интерес, вклучително и следните:

- Многу извори на грантови, вклучително и националната лотарија, се достапни на едноставен начин или единствено за добротворните организации (ВБ);
- ОЈИ може да се стекне со „правото на постојано користење на имот во сопственост на државниот трезор или на локалните самоуправи (Полска);
- Даночниот обврзник може да алоцира 1 % од данокот кој го плаќа тој/таа, за организациите од јавен интерес одбрани од него/неа (Полска);
- Корисниците на услуги од ОЈИ имаат право на ослободување од данок на персонален доход во висината на износот на набавената услуга (Унгарија); и
- ОЈИ се подобни за повеќе видови даночни повластици поврзани со прифаќање волонтери – пр., надомест ослободен од данок за трошоците поврзани со волонтерската работа (Унгарија).

36 Во Франција единствено здруженијата од општ интерес, здруженијата за јавните услуги и фондациите за јавните услуги (сите категории во ОЈИ) имаат право на донации ослободени од данок. Во Германија единствено одредени организации од јавен интерес (оние кои работат за целите од јавен интерес, филантропски или црковни прашања, или посебно оние кои обезбедуваат важни општи цели) може да добијат ослободување од данокот

VIII.ОБВРСКИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Правото на ОЈИ за поголеми државни поволности со себе носи построги услови за реализирање на обврските и известувањето. Затоа, ОЈИ се корисници на директни и/или индиректни субвенции од владата кои природно се предмет на поголем степен на контрола од страна на државата. Целта на оваа контрола е заштита на јавноста од можни злоупотреби и малверзации од страна на ГО и осигурување дека јавната поддршка е за јавен интерес. Гледано од позитивен агол, пак, целите на набљудувањето се промоција на ефективните активности на ОЈИ, преку поддршка на добри практики на раководење, соодветно на големината на организацијата, осигурување дека организациите од јавен интерес се одговорни за нивните членови, за корисници и за јавноста. Степенот на надгледување треба да биде пропорционален со добиените поволности, но со помал степен на вмешување во работата на организациите со цел да не се наруши нивната независност.

1.Правила во однос на користењето на сопственоста, трансформацијата и престанокот со работа

Во случај кога ОЈИ се изземени од одредени даноци, тие често се соочуваат со поголеми ограничувања во процесот на користење на нивната сопственост, отколку што е тоа случај со организациите кои немаат стекнато таков статус, со цел да се осигура дека јавните средства не се користат за приватни цели за членовите поврзани со организацијата.

Дел 12, Литванскиот закон за ОЈИ

(1) Забрането е организација од јавен интерес да ја разделува својата сопственост или финансиските средства на основачите, членовите на одборите на директори и други административни институции (ако такви се воспоставени), како и да се користат на начин со кој директно или индиректно се стекнува корист (гаранции, заеми, како и други материјални поволности).

(2) Одредбите на параграфот 1 од овој дел ќе се однесуваат и на основачите, членовите на одборот на директори и на други административни институции (ако таквите се воспоставени) на организацијата од јавен интерес, сопружници, роднини по крвна линија (до второ колено) и роднини по сватовство (до прво колено).

(3) Ако одредена личност прими надоместок за работа во организација од јавен интерес, таквиот надоместок треба да биде во границите на нормалното и да е соодветен на извршената работа и финансиските прилики во организацијата од јавен интерес.

Унгарскиот закон пропишува дека ОЈИ не можат директно да обезбедат *„целни грантови за нивните поддржувачи и роднини, освен во случај кога услугите се достапни за секого без ограничување и ако грантовите кореспондираат со основачкиот документ и ако грантовите се обезбедени врз основа на правната врска помеѓу граѓанските организации и нивните членови.”*[37]

Значајна пречка која може да се најде во многу закони е забраната за трансформација на организацијата од јавен интерес во организација која е активна за лични интереси (пр., Бугарија). Делот 16 од литванскиот закон пропишува дека во случај на реорганизирање на здружението или фондацијата, статусот на јавен интерес нема да се пренесе на новото здружение или фондацијата, освен во случај кога реорганизирањето е реализирано со

37 Член 14 од Законот.

спојување и здружението или фондацијата која се здружува претставува организација од јавен интерес, во моментот на реорганизирањето. Во случај на поделба на здружението или фондацијата, поделените организации го задржуваат статусот на организација од јавен интерес.
Правилата за престанок на работата се исто така посебно пропишани во повеќето закони кои го регулираат статусот на јавен интерес. Во Литванија, во случај на престанок или откажување од статусот, неподелениот имот на ОЈИ може да биде префрлен на ОЈИ дефинирани во одлуката на Комисијата која има слични цели во своите активности; во случај кога не може да се спроведе неподелената сопственост, се пренесува во посед на државата, *„која ќе го користи во согласност со целите наведени во документот за здружување на организацијата од јавен интерес."*[38]
Во Бугарија сопственоста, по престанокот со работа, може да биде префрлена на друга ОЈИ со одлука на судот и, во случај ако ова не е изводливо, во посед на домицилната општина каде е регистрирано непрофитното правно лице кое престанало со работа.

Член 43 (2), од бугарскиот закон:
Сопственоста во ниту еден случај не може да се пренесе на:
1. основачите и сегашните и поранешните членови;
2. лицата кои биле членови на телата и вработените во правното лице;
3. стечајните управници, освен за нивни соодветен надоместок;
4. сопружници на лицата според потпараграфите 1-3;
5. роднини на лицата според потпараграфите 1-3 од прво колено, без ограничувања, роднини до четврто колено, или роднини по сватовство, до второ колено, вклучително;
6. правни лица во кои поединците согласно потпараграфите 1-5 се раководители или може да наметнат одлуки и да го попречат донесувањето на одлуките.

Според законот во Полска, ако организацијата е отстранета од регистарот, таа има обврска, во рок од 6 месеци, за своите активности да ги потроши сите средства стекнати преку прибирањето на јавните средства кои биле собирани во временскиот период кога организацијата била во посед на статус на јавен интерес. Средствата кои нема да се искористат за време на овој период, за таа намена, ќе се префрлат на организација чии статуторни активности имаат идентичен или приближен карактер и која ќе биде одбрана од страна на Министерството одговорно за социјална заштита.

2.Надгледување и одговорност

- **<u>Тела за надгледување</u>**

Владините тела кои имаат ингеренции за регулирање на активноста на ОЈИ значително се разликуваат од земја до земја. Во речиси секоја од нив, даночните инстанци играат важна надгледувачка улога, преку контролирање на даночниот третман на ОЈИ. Токму во земјите, како што е тоа пример во Германија и во Холандија, каде регулирањето на јавниот интерес главно се смета за прашање за даночна регулатива, даночните инстанци играат централна надгледувачка улога. Во другите земји министерство може да ја има главната улога во надгледувањето на ОЈИ, како што е тоа случај со Министерството за правда во Бугарија или Министерството за социјална заштита во Полска. Во Франција Министерството за внатрешни работи и *Prefet du Departement* ја имаат надгледувачката ролја за фондациите за јавни услуги. Во Унгарија јавните обвинители се главното надгледувачко тело за ОЈИ (како и за сите други регистрирани ГО).
Други специјализирани владини тела може да бидат вклучени со специфичните аспекти во надгледувањето на ОЈИ, меѓу кои се вклучуваат и прашањата за трошењето на државните буџетски средства и усогласеноста со општата легислатива. Во Унгарија,

38 Член 17, литвански закон за ОЈИ

на пример, кога една ОЈИ добива средства од државниот буџет, Агенцијата за јавни финансии може да го набљудува користењето на овие средства; јавниот обвинител има ингеренции да ги истражува потенцијалните прекршувања на регулативите. Во Бугарија Министерството за правда може да го извести јавниот обвинител и телата во Јавната финансиска контрола за случај на прекршување на законите. Исто така, во Германија Министерството за внатрешни работи ја има улогата на надзор за нефинансиските нарушувања на законот и граѓанските организации се подлежни на државна контрола согласно соодветните закони на Bundeslander, што во пракса значи дека секоја држава има свој сопствен систем за надгледување.
Како што беше наведено погоре, Комисијата за добротворни организации на Англија и на Велс претставува уникатен пристап во регулирањето на организациите од јавен интерес (или добротворни организации). Комисијата има пет главни функции, кои вклучуваат регистрација, одговорност, набљудување, поддршка и спроведување. Најважна од сите овие функции на Комисијата е нејзината општа должност да ги олесни добротворните активности.

- **Известување.**

Со цел да се осигура дека ОЈИ се транспарентни и одговорни, државата поседува легитимни интереси за добивање информации. Релевантните информации вклучуваат: (1) финансиски информации (пр., годишни финансиски извештаи, извештај за користењето на средствата од јавните извори за кои се известува дека биле искористени за јавен интерес) и (2) програмски информации (пр., извештај за активностите реализирани за јавниот интерес).
Вообичаено, ОЈИ доставува извештаи до даночните инстанци, вклучително и годишна даночна пријава (дури и во случај кога самата организација е изземена од одданочување) и/или формулари за даночни повластици (поднесени на доброволна основа), како и годишни извештаи до министерството или до агенцијата која ја има улогата на надзор. Во Франција фондациите за јавни услуги поднесуваат годишен извештај и финансиска изјава до соодветното Prefet и до инистерството за внатрешни работи. Во Германија граѓанските организации мора да презентираат годишни извештаи до релевантните државни авторитети (согласно законите на *Bundeslander*) и, за да се стекнат со одредени даночни привилегии, извештаи до финансиските институции (статусот на ослободување од данок е предмет на ревизија секои три години). Во Полска ОЈИ мора да подготват и да поднесат годишен извештај за активностите и годишен финансиски извештај до Министерството за социјална заштита. Законот пропишува дека овие организации *„ќе подготват и ќе известат за годишните финансиски извештаи дури и во случај кога со други одредби за сметководство тие не се задолжени да го сторат тоа."* [39] Во Унгарија ОЈИ мора да подготви извештај за јавен интерес и да го направи истиот достапен на својата интернет-страница (кој ќе содржи извештај од сметководството, преглед на дејностите од јавен интерес и информации во однос на користењето на јавната поддршка, користењето на сопствените средства, висината на износите добиени од буџетските ставки и висината на износот на надоместокот за соработниците на проекти). Интересно е да се нагласи дека унгарската легислатива не пропишува поднесување извештај за јавен интерес до министерството или до регулаторните авторитети, туку единствено дека извештајот треба да биде достапен за преглед (ако организацијата нема интернет-страница, доволно е информацијата да биде „јавно достапна").
Во Англија и во Велс рамката за одговорност е скалесто поставена во зависност од големината на добротворната организација, со едноставно известување за активностите и приходите и расходите на малите добротворни организации, до софистицирано известување и сметководствени процедури на големите добротворни организации. Прагот е поставен на годишен приход од 10.000 британски фунти. Организациите под овој праг единствено треба да подготват извештаи за контрола, но не мора да ги достават

39 Член 23 од законот.

истите; организациите над овој праг мора да подготват целосен и детален финансиски и наративен извештај и да го испратат извештајот до Комисијата. Организациите со приход над 250.000 фунти во годината мора да имаат целосна финансиска ревизија, спроведена од овластен ревизор.
Соодветните начини на известување ѝ овозможуваат на јавноста да го искористи своето право за надгледување[40]. Признавајќи ја оваа важна улога, во многу земји се бара јавно обзнанување на информациите. Во Бугарија *„Извештајот за (ОЈИ) ќе биде достапен до јавноста. Известувањето за достапноста на извештајот, како и местото, времето и процедурата за пристап до извештајот, ќе бидат објавени во информаторот на централниот регистар."*[41] Во Полска ОЈИ ѝ овозможува пристап на јавноста до својот годишен извештај „на начин кој овозможува еднаков пристап до сите заинтересирани страни."[42] Во Унгарија *„Извештаите за дејностите од јавна корист... ќе ѝ бидат достапни за преглед на јавнпоста, и секој кој сака да направи копија од извештајот, на негов/нејзин сопствен трошок."*[43]

- **Ревизии и контроли.**

Покрај обврските за известување, телата одговорни за ОЈИ често пати употребуваат и други алатки за набљудување, како што се тоа владините ревизии и контроли. На пример, во Германија даночните авторитети може да реализираат редовни даночни контроли, по доставување на известување и со овозможување доволно време со цел ГО да се подготват. Контролите за ДДВ, сепак, се извршуваат без претходна најава. Унгарските ОЈИ се подложни на надгледување од страна на Управата за јавни приходи, за користење на буџетските средства. Во Бугарија ОЈИ се субјект на финансиска ревизија за користење на државните и општинските средства или грантови според европските програми. Одговорното тело за ревизија мора јасно да извести за причината за ревизијата, но не постои услов за предвремено известување.

Членовите 28-33 од полскиот закон во детали ги наведуваат процедурите за реализација на контролите на ОЈИ.
Министерството за социјална безбедност е овластено да спроведе контрола или да овласти провинциски гувернер за реализација на контролата. Министерството има право на пристап до сопственоста на организацијата, документите и другите информации, како и да побара писмени и усни објаснувања. Ваквата контрола мора да биде реализирана во присуство на претставник од ОЈИ или друг сведок. Службениците кои ја вршат контролата мора да подготват пишан извештај. Потоа, раководителот на ОЈИ има можност да поднесе писмено објаснување или забелешки за содржината на извештајот, но не подоцна од 14 дена. По поднесувањето на забелешките, извештајот на контролата ги наведува фактичките податоци утврдени за време на посетата, вклучително и недостатоците и дозволува одреден временски период, но не повеќе од 30 дена, за нивно коригирање. Советот на ОЈИ може да го придружува контролата извршена од одговорното министерство, за прашањата од социјална безбедност.

Во Англија владата нема моќ да ја истражува работата на добротворните организации како такви. Сепак, власта има неколку можности, се разбира поврзани со тероризам и криминал (полиција), финансиски малверзации од страна на претпријатија и банки,

40 Претпочитаните методи за известување вклучуваат информации во весниците (Чешката Република), публикација на интернет-страница (Унгарија) или овозможување на јавноста на пристап до информацијата во просториите на организацијата (Унгарија).

41 Бугарскиот закон за непрофитни правни лица, член 40 (3).

42 Полскиот Закон за дејности од јавен интерес, член 23 (1).

43 Унгарскиот Закон за организации од јавен интерес, член 19 (5).

детска грижа (Инспекторат за социјални услуги), но овие се од генерички вид и не се однесуваат конкретно на добротворните организации. Независно од владата, Комисијата за добротворни организации има ингеренции за надгледување и истражување, со кои се обидува да ги поттикне добрите практики (како тело за поддршка и совети) и да ги надмине предизвиците (како тело за истражување).
Одделот за поддршка на Комисијата е одговорен за обезбедување советодавни услуги и насоки до организациите во однос на правни, управни, раководни и финансиски прашања. Со цел да се обезбеди широк пристап до овие услуги, Одделението за поддршка се вклучува во испораката на истите, преку посети до поединечните добротворни организации, презентации отворени за добротворните организации и конференции. Одделот за истражување при Комисијата е одговорен за борба против несоодветното работење. Тој може да суспендира старатели, да ги замрзне сметките во банка и да назначи посебен управник во улогата на старател. Иако Комисијата нема ингеренции да избрише една добротворна организација од регистар, сепак преку пренесување на сите нејзини ресурси на име на друга, слична добротворна организација, може да постигне престанок на работата на организацијата. Овие два оддела, покрај Одделот за регистрација, се поддржани од тим на адвокати и сметководители кои обезбедуваат професионална експертиза.
Влијанието во дејствувањето на Комисијата лежи во пропорционалноста. Помалите добротворни организации (со годишен приход од помалку од 10.000 британски фунти) добиваат рамноправен пристап. „Ревизијата“ не е термин кој го користи Комисијата, наместо тоа, Комисијата има развиено практика на претходно најавени посети со цел да се набљудува администрацијата во добротворната организација. Комисијата се фокусира на поголемите добротворни организации (базирани на кауза) со цел да се промовираат добрите практики. Започнување истрага без претходна причина е во спротивност со принципите на Комисијата.

- **<u>Спроведување одлуки, санкции на државата и престанок со работа</u>**

Државните санкции против ГО често пати вклучуваат и изрекување парични казни, за прекршоци, како што е тоа немање извештај.[44] Во случај на континуирано немање извештаи, може да се предизвика престанок со работата во повеќето земји. Престанокот со работа, сепак, треба да се случи само откако организацијата ќе биде претходно известена и ќе добие можност за коригирање на недостатокот. И покрај изречените казни и наредби за престанок со работа, ГО вообичаено имаат можност да ја обжалат одлуката.[44]
Постојат и дополнителни санкции за организациите од јавен интерес. Во нив вообичаено се вклучени и укинување на даночните поволности или одземање на статусот на ОЈИ. Во Бугарија, на пример, не се изрекуваат казни за ОЈИ, наместо тоа, постојаното неспроведување на одредбите за известување може да донесе до одлука за одземање на регистрацијата на ОЈИ. Во Германија, Косово и Романија ОЈИ кои нема да достават извештаи исто така може да го загубат статусот на јавен интерес. На сличен начин, претпријатијата од јавен интерес во Чешката Република може да ги изгубат даночните поволности за годината кога е направен прекршокот, како и другите ограничени даночни поволности за следната година.
Одземањето на статусот на јавен интерес треба да биде опција за санкција само во одредени исклучителни ситуации. Ако една организација во Унгарија го наруши законот или дејствува во спротивност на својата основачка повелба, судот може да ѝ го одземе статусот на јавен интерес на барање на јавниот обвинител, но единствено по известување до организацијата и обезбедувајќи ѝ претходно можност за корекции. Во Полска, ако ОЈИ

44 Таков е примерот во Бугарија, каде државата може да ги казни ГО со 50-500 ЕУР. Во Полска здружение кои не ги исполнува условите во документацијата е субјект на еднократна парична казна која не надминува 50.000 злоти (приближно 11.300 ЕУР), што може да се избегне ако здружението веднаш по известувањето за паричната казна ги направи соодветните барани корекции. Во Словачка фондација која нема да поднесе извештај може да се соочи со плаќање парична казна во износ од 10.000 до 100.000 словачки круни (приближно 250-2.500 ЕУР). Во многу земји (Босна, Хрватска, Србија и Црна Гора) паричните казни може да бидат изречени како за организацијата така и за одговорниот претставник на организацијата.

не ги коригира проблемите кои биле идентификувани за време на процесот на контрола во рамките на определен временски период, министерот за социјална безбедност може да побара отстранување на организацијата од Државниот судски регистар. Имајте предвид дека и во двата случаја владата најпрвин мора да ја информира организацијата за направениот прекршок и да ѝ даде можност за отстранување на причините за проблемот, додека одлуката за одземање на регистрацијата се донесува од судот. Во Литванија Министерството за финансии, пред да донесе одлука за повлекување на статусот на организацијата од јавен интерес, има право да побара мислење од страна на Комисијата за јавен интерес, во однос на направениот прекршок. Статусот може да биде одземен единствено ако организацијата не го коригирала проблемот во рамките на определениот временски рок, наведен во писменото предупредување од страна на Министерството.

IX.ЗАКЛУЧОК

Регулаторскиот пристап кон статусот на јавен интерес се разликува во земјите во Европа. Главните цели за воведување на овој статус се промоција на дејности од јавен интерес и осигурување дека даночните поволности овозможени за ОЈИ се поврзани со целите и активностите кои се од корист за јавноста и за општеството. Сепак, статусот на јавен интерес исто така може да се воведе со цел да се овозможат други видови даночни поволности за организациите кои се вклучени во активности од корист за општеството или за поддршка на соработката помеѓу владите и ГО, или да се подобри имиџот и одговорноста на секторот. Целите кон кои се стремат законодавците со воведувањето на овој статус треба да придонесат кон општата политика за регулирање на статусот на јавен интерес. Исто така треба да се земат предвид и другите локални фактори (постоечката законска рамка, локалната култура и традициите, постоечките повластици, нивото на развој на третиот сектор, односите со владата) што ќе влијае на спроведувањето на регулативите, со цел да се осигура постигнувањето на планираниот резултат.
Овој документ има за цел да ги постави најважните прашања и да ги презентира најдобрите практики од земјите во Централна и во Источна Европа, во процесот на донесување на статусот од јавен интерес. Некои од нив ги вклучуваат следните прашања:

- Кои се регулаторните пристапи во Европа? Дали државата треба да го регулира статусот на јавен интерес во рамковен закон, даночни закони или да донесе посебен закон за статусот на јавен интерес?
- Кои се критериумите за доделување на статус на јавен интерес? Кои се подобните тела кои може да аплицираат за стекнување со овој статус? До кој степен треба активностите на организациите да бидат од јавен интерес, со цел тие да го стекнат овој статус и која треба да биде нивната целна група?
- Кој го доделува статусот на јавен интерес? Даночните инстанци, независна комисија, надлежно министерство?
- Која е процедурата за доделување на статус на јавен интерес?
- Кои се повластиците и обврските за организациите од јавен интерес?

Каде што е тоа возможно, овој документ исто така ги опишува разликите во регулирањето на јавниот интерес во Англија и во Велс (земји со обичајно право), наспроти земјите од континентална Европа. Документот не се обидува да даде одговор на сите поставени прашања, поради тоа што избраниот пристап зависи од локалната состојба и од општиот контекст. Донесувачите на политики и законодавците низ цела Европа ја демонстрирале својата креативност преку донесување различни решенија, опишани во овој документ, надевајќи се да ги постигнат целите заради која е донесена легислативата. Ние се надеваме дека овие решенија може да послужат како инспирација, додека научените лекции ќе послужат како водич за земјите пред кои претстои дефинирањето и воведувањето на концептот на дејности од јавен интерес во нивните општества.

ДЕЛ 2. ПРЕГЛЕД НА СТАТУСОТ НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. ВОВЕД

Јавниот интерес како поим се среќава во повеќе закони во Република Македонија, иако општоприфатена дефиниција за јавниот интерес не постои. Најчесто поимот се дефинира во рамките на областа којашто ја регулира соодветниот закон. И покрај парцијалното регулирање на јавниот интерес и одредени погодности за некои организации врзани со конкретни активности, клучниот недостаток е непостоењето статус на организација од јавен интерес за здруженијата на граѓани и фондациите. Воведувањето на статус на организација од јавен интерес за здруженијата на граѓани и фондациите во Република Македонија е од особено значење за нивниот развој и одржливоста, затоа што истиот ќе овозможи подобрен имиџ, одговорност и транспарентност на граѓанскиот сектор, ќе придонесе кон развојот на соработката на државата со граѓанските организации, а наедно ќе обезбеди даночни поволности и финансиска поддршка за организациите кои ќе се стекнат со овој статус.

Бидејќи во Република Македонија нема статус на организација од јавен интерес, не постои можност за споредување на постоечките законски решенија и праксата со истите од европските земји анализирани во првиот дел од оваа публикација. Овдека е направен преглед на употребата на различните термини за јавниот интерес и нивното значење, потоа на законите во кои се уредени поволностите и олеснувањата за активностите од јавен интерес и видови организации кои имаат право на таквите поволности, како и усогласеност на законските прописи за статусот на јавен интерес и реалната примена на истите. На крајот сумирани се заклучоците од прегледот и дадени се препораки за нормирање на статусот на јавен интерес.

За потребите на овој краток преглед беа анализирани: Законот за здруженија на граѓани и фондации, Законот за Црвениот крст на Република Македонија, Законот за култура, Законот за спорт, Законот за установите, Законот за социјална заштита и Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

II. УПОТРЕБА НА ТЕРМИНОТ ЈАВЕН ИНТЕРЕС, ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ И СЛ. ВО ЗАКОНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Единствена и општоприфатена дефиниција на поимот јавен интерес во македонското законодовство не постои. Овој и слични термини се спомнуваат во повеќе закони: Законот за здруженија на граѓани и фондации, Законот за Црвениот крст на Македонија, Законот за култура, Законот за спорт, Законот за социјалната заштита, Законот за установи, Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

Законот за здруженија на граѓани и фондации (ЗЗГФ) („Службен весник на РМ“ бр хх/98) не го спомнува терминот јавен интерес, меѓутоа во членот 12 го регулира јавното овластување.

Според овој член, на здружението на граѓани може да му се довери јавно овластување од страна на соодветно министерство од областа во која дејствува здружението. Притоа дефинирани се и минимум критериуми кои треба да ги исполни здружението. Тоа се: природата и областа на активноста; професионалните цели на здружението на граѓани; потребата од активност на здружението на граѓани за поширокаата јавност и користењето на нивните услуги; соодветен организациски капацитет и должината на искуството во областа во која дејствува. Во истиот член е наведено дека на здружението на граѓани може да му биде одземено вршењето на јавното овластување во случај на злоупотреба и необезбедување на неговото вршење.[45]

45 Здружението на возачите на Република Македонија е најчесто посочуваниот пример на здружение кое има јавни овластувања.

Треба да се има предвид дека јавното овластување не е исто што и јавниот интерес и оваа одредба од Законот не треба да се смета како одредба која го определува јавниот интерес.

Термините јавен интерес и јавно овластување се користат и во **Законот за Црвениот крст на Република Македонија** („Службен весник на РМ“ бр. 41/94). Повторно, и во овој закон нема дефиниција за јавниот интерес, туку само во членот 2 се наведени задачите кои се од јавен интерес и кои Црвениот крст ги врши како јавни овластувања. Тоа се: *хуманитарни цели и задачи од областа на здравството, социјалната заштита и воспитанието засновани на принципите на хуманизмот и солидарноста.*

Црвениот крст е дефиниран како невладина и непартиска организација која поради своите специфики утврдени со меѓународното право и поради јавниот интерес кој го врши се разликува од другите непрофитни форми на здружување, врши дејности во името на државата и има определни поволности во однос на финансирањето.

Законот за култура („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 31/98) го употребува терминот национален интерес во културата и, според него, национален интерес во културата е културата што е од заеднички интерес за граѓаните на Македонија и е неопходно нејзиното континуирано вршење, како и достапност на сите граѓани под еднакви услови .

Во Законот во членот 8 наброени се областите/активностите кои се сметаат за национални интереси во културата.[46]

Националниот интерес во културата опфаќа:
1. Создавање кадровски, материјални и други услови за континуирано остварување на културата;
2. Овозможување услови за остварување и заштита на врвни културни вредности;
3. Поттикнување на разновидноста и разноличноста во културата;
4. Обезбедување услови за достапност на граѓаните до културните вредности и нивно масовно користење;
5. Обезбедување услови за остварување и заштита на културниот идентитет на граѓаните од различно етничко потекло;
6. Грижа за културниот развој и остварување на културните права на македонското малцинство и иселеништво во странство;
7. Создавање услови за рамномерен културен развој на државата;
8. Афирмација на културата од државата во странство; и
9. Културолошки истажувања.

Националниот интерес во културата го остваруваат националните установи и другите субјекти согласно законот. Под други субјекти спаѓаат и здруженијата на граѓани и фондациите. Собранието на Република Македонија ја донесува националната програма за културата за период од пет години, додека Министерството за култура ја операционализира програмата. Во Министерството за култура постои Совет за култура како стручно и советодавно тело на министерот за култура. За субјектите кои можат да остваруваат национален интерес како поволност која им се дава со овој закон е можноста за добивање средства од државата (Министерството за култура) врз основа на националната програма и тековната програма за соодветната година од областа на културата под критериуми и услови пропишани со овој закон и со подзаконски акти подготвени од страна на Министерството за култура. [46]

Во **Законот за спорт** („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 29/2002) главата 3 е посветена на јавниот интерес во спортот. Во пет членови се дефинирани активностите кои претставуваат јавен интерес во спортот, начинот на остварување на работите од јавниот интерес и органите одговорни за вршењето активности од јавен интерес во спортот.

46 Член 8, став 1 од Законот за култура

Јавен интерес во областа на спортот во смисла на овој закон е:
- поттикнување на спортски активности на децата и младите во рамките на националните спортски федерации;
- организирање и спроведување спортски тренинг-натпревари за оспособување на спортистите за постигнување врвни спортски резултати;
- поттикнување на реализирањето на програмите на спортските федерации на државата;
- поттикнување и помагање на организирањето спортски приредби и манифестации;
- одржување и функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт од јавен интерес за државата; и
- здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување, надомест за осигурување од последици од несреќен случај и ризици, за категоризираните спортисти во согласност со овој и друг закон. (член 22)

За остварување на работите од јавен интерес, Владата донесува програма за развој на спортот за период од пет години. Во програмата се предвидуваат и обемот на средства потребни за остварување на јавниот интерес кои се обезбедуваат од буџетот на Република Македонија.

При утврдувањето на предметот на уредување на **Законот за установи** („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 32/05) е наведено дека со Законот се уредуваат условите и начинот на вршење на јавните услуги од јавен интерес. Во дефинирањето на поимите се утврдува што е јавна услуга, но не и што е јавен интерес.

Јавната услуга е дефинирана *како дејност која ја вршат установите во областа на образованието, науката, културата, здравството, социјалната заштита, детската заштита, инвалидската заштита, како и во други дејности кои се утврдени со закон како јавни услуги*.[47]

Законот утврдува дека на установите може да им се доверат јавни овластувања. Начинот на вршење на дејноста од јавен интерес од страна на установата се утврдува со управниот договор кој го склучува установата и надлежното министерство. Со тоа надлежното министерство има и право под определени услови и едностранo да ги измени условите по склучувањето на договорот поради остварување и заштита на јавниот интерес.

Законот за донации и спонзорства во јавните дејности прави обид да се дефинира јавниот интерес. Така, според овој закон, *јавниот интерес е поддржување и промовирање на дејности од областа на заштитата на човековите права, на промоција на културата, етиката, образованието, науката, развојот на информатичкото општество и преносот на електронски податоци, спортот, заштитата на животната средина, социо-хуманитарните дејности, развојот на граѓанското општество, промовирање на крводарителството, промоција на меѓународната соработка и други дејности утврдени со закон*.[48]

Покрај јавниот интерес, Законот дефинира и јавна дејност *која претставува дејност во областа на заштитата на правата на човекот и граѓанинот, образованието, науката, развојот на информатичкото општество и преносот на електронски податоци, културата, спортот, здравството, социјалната заштита, заштитата на лицата со инвалидитет, крводарителството, детската заштита, заштитата на животната средина и други дејности утврдени со закон како јавна дејност*.[49]

Во **Законот за социјална заштита** („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 21/06) со членот 3 е дефинирано дека *дејноста на социјалната заштита е од јавен интерес. Според Законот, социјалната заштита е организирана дејност од страна на државатаа за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓанинот, семејството и групи население во текот на животот.* Како социјални ризици се подразбираат ризиците по здравјето, ризиците на стареење,

47 Член 2, став 1, алинеја 7 од Законот за установите.

48 Член 3, став 1, алинеја 4, Закон за донации и спонзорства во јавните дејност.

49 Член 3, став 1, алинеја 3, Закон за донации и спонзорства во јавните дејност.

ризиците на мајчинство и семејство, ризиците од невработеност и професионална неадаптираност и ризиците од неадаптираност кон социјалната средина. Дополнително, покрај овие основни ризици, грижата за спречување на настанувањето социјален ризик се остварува и преку преземање мерки во даночната политика, вработувањето, политиката за стипендирање, политиката за станови и семејства, здравството, воспитувањето и образованието и на другите подрачја во согласност со закон.

III. ЗАКОНИ ВО КОИ СЕ УРЕДЕНИ ПОВОЛНОСТИТЕ И ОЛЕСНУВАЊАТА ЗА АКТИВНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС И ВИДОВИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ИМААТ ПРАВО НА ТАКВИ ПОВОЛНОСТИ

Законот за донации и спонзорства во јавните дејности директно ги пропишува даночните потикнувања за донации и спонзорства за активности чии дејности се утврдени како јавни. Според Законот, и давателот и примателот на донацијата и спонзорството имаат право на даночни поттикнувања кај персоналниот данок од доход, кај данокот на добивка, кај данокот на додадена вредност и кај данокот на имот.

Другите закони во кои се споменува јавниот интерес или јавните овластувања, погодностите кои се предвидени за организациите и институциите кои вршат јавен интерес, односно дејност или овластување, најчесто се состојат во директна финансиска поддршка од страна на државата. Таков е случајот со Законот за култура, Законот за Црвениот крст на Македонија, Законот за спорт, Законот за установи, Законот за социјалната заштита. Дополнително, во Законот за установи во членот 66 се вели дека за подарените средства на установата домашните и странските правни и физички лица можат да имаат даночни и царински погодности утврдени со закон.

IV. УСОГЛАСЕНОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ЗА СТАТУСОТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС И РЕАЛНАТА ПРИМЕНА НА ИСТИТЕ

За прв пат, посистематско дефинирање на одредби за статус на организација од јавен интерес беа предвидени во предлог-измените на Законот за здруженија на граѓани и фондации од април 2006 година, кои не беа усвоени од Владата. Предлог-законот не даваше дефиниција за јавниот интерес, туку само утврдуваше на што се однесуваат активностите од јавен интерес, кои се критериумите за аплицирање, областите кои се сметаа за јавен интерес (отворена листа од 16 области), како и органот кој го доделува овој статус.

Одредбите за јавен интерес се однесуваа само на здруженија на граѓани и фондации. Така, според предлогот, здружението на граѓани или фондацијата може да има статус на организација од јавен интерес, ако е: непрофитна во согласност со ЗЗГФ; регистрирана во согласност со ЗЗГФ; е организирана и раководена со основна цел за остварување активности од јавен интерес во согласност со ЗЗГФ и со решение е утврдена како организација од јавен интерес од страна на Комисијата за организации од јавен интерес. Во предлогот на Законот се утврдуваше дека здруженијата на граѓани и фондациите од јавен интерес може да користат даночни и царински олеснувања во согласност со закон. Исто така, со предлогот беше појаснето дека активноста од јавен интерес се однесува на поширокатa јавност и една или повеќе специфични групи на корисници ако групата е маргинализирана или обесправена во однос на популацијата во целина, или ако целокупната заедница се здобива со значителна вредност при обезбедувањето на таквата посебна корист за таа група.

Со предлог-законот беа утврдени и областите кои се сметаат за јавен интерес, а тоа беа: помош и заштита на лицата си физички и ментален хендикеп и на лицата со попреченост, како и на лицата со посебни потреби; хуманитарна помош и цели и помош на бегалци; граѓански и човекови права; заштита на потрошувачите; здравство, унапредување на

здравството и медицинска грижа; уметност; култура; наука; аматерски спорт; заштита на животната средина; образование и обука во образовниот процес; намалување на сиромаштијата; заштита на културно-историските споменици; заштита на децата, младинци и обесправени лица; заштита и грижа за животните; социјална помош и други активности определени од Комисијата за организации од јавен интерес.

Во ситуација на непостоење општоприфатена дефиниција за јавниот интерес, како и неусвојувањето на предлог-измените на Законот за здруженија на граѓани и фондации во април 2006 година, се создава ситуација на неконзистентност во примената на некои законски решенија. Имено, Законот за донации и спонзорства во јавните дејности во дефинирањето на поимот домашно правно лице, меѓу другите субјекти, го употребува и терминот „здружение на граѓани и фондации од јавен интерес". Ова може да се толкува како неможност за стекнување и користење на даночни поттикнувања од страна на здруженијата на граѓани и фондации, бидејќи овој статус не постои за никого. Во моментов оваа правна пречка се надминува со процена на дејноста од јавен интерес, а не на самиот јавен интерес или на потребата од имање посебен статус од јавен интерес.

V. ЗАКЛУЧОЦИ

• Јавниот интерес во Македонија не е дефиниран, односно не постои општоприфатена дефиниција;

• Во седум закони: Законот за здруженија на граѓани и фондации, Законот за Црвениот крст на Република Македонија, Законот за култура, Законот за спорт, Законот за установи, Законот за социјалната заштита и Законот за донации и спонзорства во јавните дејности се употребуваат различни термини кои може да асоцираат на јавен интерес, а тоа е, покрај јавен интерес и јавна дејност, јавни овластувања, национален интерес и сл.;

• Најчесто, дефинирањето на јавниот интерес во одделните закони се однесува на областите кои ги третираат тие закони;

• Поволностите кои следуваат со јавен интерес најчесто се однесуваат на директна финансиска поддршка од страна на државата. Само со Законот за донации и спонзорства директно се предвидува и даночни поттикнувања за давателите и примателите на донациите и спонзорствата во јавните дејности;

• Јавниот интерес во сите анализирани закони се однесува на активноста/дејноста, но не и на организацијата/институцијата;

• Во Република Македонија сè уште не постои статус на организации од јавен интерес.

VI. ПРЕПОРАКИ

• Статусот на организации од јавен интерес во Република Македонија да биде регулиран со новиот закон за здруженија и фондации и да се однесува на субјектите кои се регулираат со тој закон;

• Во законот да се усогласат дејностите кои ќе бидат утврдени како јавен интерес. Листата да биде прецизна, кратка и со групирани слични дејности;

• Критериумите кои треба да ги исполнат организациите за да се здобијат со овој статус треба да бидат јасни, а наедно да биде воспоставен силен контролен механизам;

• Телото за доделување на статус од јавен интерес да биде комисија од меѓуресорски карактер поврзана со Генералниот секретаријат на Владата или Министерството за финансии.

ДЕЛ 3. КРАТКА БИОГРАФИЈА НА АВТОРИТЕ

Дејвид Мур

- работи како Директор на програми во Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ). ЕЦНЛ започна како филијала во Будимпешта на Меѓународниот центар за непрофитно право (ИЦНЛ), која е меѓународна организација со седиште во Вашингтон. Г-дин Мур бил на позицијата Директор на програми на ИЦНЛ, со седиште во Будимпешта, од август 2001 година. Во периодот од 2003 до 2004 година, ИЦНЛ го избрал г-дин Мур за Извршен директор на ЕЦНЛ. Г-дин Мур работел со повеќе влади, адвокати и активисти од граѓанското општество, во различни контексти, вклучително и во Авганистан, Кина, Маврициус, Русија, Турција и Виетнам, како и во земјите од Централна и Источна Европа. Г-дин Мур е професор на Универзитетот на Централна Европа во Будимпешта (од 2002 година), додека претходно има предавано на Католичкиот универзитет во Лублин, Полска (2001) и Универзитетот за општествени науки во Минск, Белорусија (2001). Г-дин Мур претходно има работено како лице за контакт за владеење на правото во Узбекистан и Белорусија, во склоп на Иницијативата за право во Централна и Источна Европа на Американската адвокатска асоцијација. Претходно, тој има работено неколку години на територијата на САД во Гвам, како обвинител во рамките на Канцеларијата на јавниот обвинител.

Катерина Хаџи-Мицева

- е македонски правник кој работи како Постар законски советник при Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ). Таа спроведува програми за законски реформи кои влијаат на работата на граѓанските организации (ГО) во Централна и Источна Европа, со фокус на Република Македонија. Таа обезбедува подршка во развој на политики кои влијаат на одржливоста на ГО и јавното учество. Хаџи-Мицева работи во соработка со владини службеници, ГО, адвокати, судии и меѓународни донатори. Таа обезбедува легислативна подршка и ги развива капацитетите на локалните чинители за прашања поврзани со законската рамка и кои влијаат врз ГО, како што е тоа статусот на јавен интерес, меѓу-секторски партнерства, учество на јавноста во креирањето на политики и јавното финансирање на национално и ЕУ ниво, саморегулирачки механизми, одаточување на ГО, филантропија и волонтерство. Таа работи на развој на споредбена анализа од повеќе земји во областите на одржливост на ГОи, соработка на власт со граѓанското општество, самоуправување во ГО. Таа има искуство во мобилизација на ресурси, планирање и спроведување проекти во рамките на различни модели на раководење со проекти. Хаџи-Мицева има работено во Меѓународниот центар за непрофитно право и ЕЦНЛ од 2000 година. Претходно, таа ја има со-основано и раководена Студентската организација за човекови права при Универзитетот на Централна Европа во Будимпешта, каде иницираше курсеви за дополнување на наставната програма на Програмата за човекови права и проекти за развој на свеста за човековите права и градење капацитет.

Нилда Булаин

- е Извршен директор на Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ), Будимпешта. Таа е одговорна за раководење со организацијата и работи на промоција на проекти за реформи во европските земји, со фокус на Централна и Источна Европа (ЦИЕ), поврзани со развој на непрофитниот сектор и граѓанското општество. Таа обезбедува легислативна подршка за градење капацитет на членовите на парламент, владини службеници, претставници на граѓанските организации (ГО), судии и адвокати, за прашања поврзани со работата на ГО. Таа има развиено споредбена анализа за повеќе земји, во областите на законите кои влијаат на работата на ГО. Пред доаѓањето во ЕЦНЛ, Булаин беше Извршен директор на Фондацијата за развој на граѓанското општество во Унгарија (ФРГО), водечки ресурсен и подржувачки центар во Унгарија и Централна и Источна Европа. Пред нејзиниот ангажман во ФРГО, Булаин има работено како асистент на член на парламент во Комитетот за надворешни работи на унгарскиот парламент и како подршка за Алијансата на слободни демократи. Таа е вклучена во активности

на организации за човекови права во Унгарија уште од 1988 година и беше уредник на феминистичкото списание Nőszemély.

Емина Нурединоска

- од 2001 година работи во МЦМС како соработник на проекти во Одделението за граѓанско општесво и демократија. Фокусот на активности е институционален развој и создавање овозможувачка околина за граѓанските организации, а посебен интерес е правната и фискалната рамка за граѓанските организации, нивна вклученост во креирање на политиките и промоција на граѓанскиот сектор во јавноста. Активно учествувала во процесот на основање на Граѓанската платформа на Македонија, а како одговорен соработник е дел од тимот којшто го организира НВО Саемот – Форум на граѓанското општество во Македонија. Нурединоска испорачува обуки за застапување лобирање и добро управување во граѓанските организации. Од декември 2005 до септември 2007 година беше лидер на тимот на проектот на Европската агенција за реконструкција (ЕАР) „Техничка поддршка на Одделението за граѓанско општество во Владата на Република Македонија“, во чии рамки беше подготвена Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор.

СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Според предлог измените на ЗЗГФ од мај 2006 (неусвоени)	Според предлог критериумите за финансирање на ГО од игри на среќа и забавни игри (неусвоени)	Според регулаторната Комисија за Англија и Велс
1. Помош и заштита на лица со физички или ментален хендикеп и лица со попреченост како и на лица со посебни потреби	1. Заштита и задоволување на потреби на лица со инвалидитет	1. Помош на оние кои имаат потреба предизвикана поради младост, старост, болест, инвалидност, финансиски потешкотии или други недостатоци
2. Хуманитарна помош и помош на бегалци	2. Дејности од областа на човековите права и правата на жени и деца	2. Унапредување на човековите права, разрешување на конфликти и помирување, промоција на религиската и расната хармонија на еднаквоста и дивезитетот
3. Граѓански и човекови права	3. Дејности од областа на здравството и здравствената заштита	3. Унапредување на здравството и спасување на животи
4. Заштита на потрошувачите	3. Дејности од областа на здравството и здравствената заштита	4. Унапредување на уметноста, културата, наследството и науката
5. Здравство, унапредување на здравјето и медицинска грижа	5. Развој на спорт и програми за млади	5. Унапредување на аматерскиот спорт
6. Уметност	6. Дејности од областа на заштита на животната средина и одржливиот развој	6. Унапредување на заштитата и п одобрувањето на животната средина
7. Култура Заштита на културно-историските споменици	7. Дејности од областа на образованието, вонинституционално образование и информатичко општество	7. Унапредување на образованието
8. Наука	8.Дејности од социјалната заштита и намалување на невработеноста и сиромаштијата	8. Превенција и помош од сиромаштијата
9. Аматерски спорт	9. Дејности од областа на развој на граѓанското општество , демократијата и владеење на правото	9. Подобрување на состојбата на животните
10. Заштита на животната средина	10. Дејности од областа на рурален развој (земјоделство)	10. Унапредување на религијата
11.Образование и обука во образовниот процес	11. Дејности поврзани со приоритети на Владата во процесите на европска интеграција	11. Унапредување на развојот на заедниците
12. Намалување на сиромаштијата		12. Промоција на готовноста на вооружените сили на Круната, готовноста на полицијата, противпожарните и спасувачките екипи и услугите на брза помош
13. Заштита на деца, младинци и обесправени лица		13. Секоја друга потреба во рамките на овие приоритети
14. Заштита и грижа за животни		
15. Социјална помош		
16. Друга активност определена од Комисијата за организации од јавен интерес		